**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ПЕРЦЕПЦИИ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПОЈАВАТА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШНА СРЕДИНА

МЕНТОР: КАНДИДАТ:
Проф. д-р Софија Георгиевска Նергис Муча

С к о п ј е, 2020

ВОВЕД .......... 3
НАСИЛСТВО .......... 5
Дефинирање на поимот насилство .......... 8
Фактори на ризик за појава на насилство .......... 16
Типични карактеристики на насилникот .......... 19
Типични карактеристики на жртвата .......... 20
Видови на насилство .......... 22
Конвенција за правата на детето од 1989 г. на ОН и Општи коментари на Комитетот за права на детето .......... 27
Правно дефинирање на поимот дете-жртва .......... 30
Перцепција на насилното однесување .......... 32
Систем на образование .......... 35
Структура и организација на системот на образование .......... 35
Капацитети за превенција на насилно однесување и стручна работа со ученици 36
ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ .......... 40
Варијабли .......... 42
Примерок .......... 43
Постапка .......... 43
Инструменти .......... 43
Статистичка обработка на податоците .......... 46
Резултати .......... 47
ДИСКУСИЈА .......... 86
РЕЗИМЕ .......... 102
ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ .......... 104
ПРИЛОЗИ .......... 107
Користена литература .......... 117

# ВОВЕД

Злоставувањето и занемерувањето на децата е за жал многу распространет проблем кој ги проникнува темелните вредности на системите на современото општество, при што неизбежна улога имаат не само етички и морални, туку и културни и социекономски улоги.

И покрај напорите за формирање на разни хуманитарни организации ширум светот, како во развиените така и во неразвиените земји кои се посветуваат на спречување злосорства врз децата, медиумите се почесто известуваат за екстремни и бизарни случаи во кои децата се жртви на своите родители, роднини или пријатели. Во јавноста многу често се кажуваат овие случаи, но во ретки случаи децата се соодветно третирани.

Насилството врз децата е многу осетливо подрачје, бидејќи на оваа тема се судираме со личната перцепција на семеен интегритет и приватност од една страна и потребата да се заштитат децата, од друга страна. Иако бројот на пријавени случаи во последните години расте, благодарејќи им на многубројните организации и кампањи, познато е дека многу деца, жртви на злоставување никогаш не се идентификувани.

Податоците на УНИЦЕФ за насилството врз децата во светски рамки, но и во земјава, се загрижувачки, а со оглед на влијанието на насилството на развојот на индивидуата треба да бидат аларм да се преземат мерки тоа да се спречи или барем да се намали.

Едно од три деца во светски рамки се засегнати од некаков вид насилство. Во Македонија, тоа е случај со речиси секое второ дете. Насилството што детето го трпи во раната возрст најчесто се случува во блиската околина, како семејството, градинката, околината. Тоа не мора секогаш да е физичко, може да биде и емоционална злоупотреба, негрижа, запоставување, сексуално насилство...

Она што може да се види е дека децата кои биле изложени на физичко насилство, дисфункционално семејство, емоционална злоупотреба, запоставување... има многу повеќе шанси да бидат вовлечени во неволја, проблеми, да имаат полоша здравствена состојба, да имаат проблем со учењето.

Според податоците на УНИЦЕФ, во Македонија над 50 проценти од децата се сочиле со некаков тип насилство. Процентот на деца изложени на некаков вид насилство, не се разликува многу во однос на тоа дали тие се од сиромашни или богати семејства. Процентот на деца од поимотни семејства кои се сочиле со насилство е 53, а 59 кај деца од посиромашни сиромашни семејства. (UNICEF Annual Report 2017)

## НАСИЛСТВО

Насилството претставува појава која директно ги загрозува правата што ги поседува секое човечко суштество, како правото на живот, безбедност, достоинство и физичка и психичка благосостојба. Во теоријата не постои единствено и општо прифатено дефинирање на терминот насилство, од што произлегува неговото различно појмовно определување, како и користење на повеќе поими како синоними – агресија, насилно однесување, злоупотреба на моќ итн. Од тие причини, во истражувањата чиј предмет е насилството, истражувачите го операционализираат поимот во согласност со потребите на истражувачкиот зафат.

Секоја дефиниција за насилство врз децата тргнува од дефинирањето на детето. Согласно Конвенцијата за правата на детето, *дете е секое човечко суштество кое не наполнило осумнаесет години возраст, доколку врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетство не се стекнува порано*. Различни дефиниции за насилство врз децата може да се најдат во литературата кои ја земаат во предвид различноста на ситуациите во различни делови на светот. Дефиницијата која ќе ја користиме за потребите на оваа студија ги вклучува дефинициите дадени од страна на Светската здравствена организација, како и дефиницијата изразена во член 19 од Конвенцијата за правата на детето, според кои под насилство се подразбираат *сите форми на физичко или психичко насилство, повреда или злоупотреба, запуштање и занемарување на децата, нечовечко однесување, или експлоатација, вклучувајќи и сексуална злоупотреба на децата*. Детската злоупотреба, занемарување и запуштање на детето, понекогаш наречени и како нечовечко постапување со децата, се дефинирани во Светскиот извештај за насилство и здравје како: ***сите форми на физичко и/или емоционално насилство, сексуално злоупотребување, запуштање или занемарување на децата, или експлоатирање за комерцијални или други цели што резултира во реална актуелна***

***или потенцијална повреда на здравјето, преживувањето, развојот или достоинството на детето во контекст на однос со лице кое се наоѓа во положба на одговорност, доверба или моќ спрема детето (СЗО 1999)[1].***

Во дефиницијата за насилство врз децата, може да се разграничат пет типови на насилство*: физичко насилство, сексуално насилство, запоставување и запуштање на детето, емоционално насилство и експлоатација*. Дефинициите за овие типови на насилство врз децата се дадени во поширокиот извештај на Светската Здравствена Организација за превенција на детската злоупотреба во 1999 година:

- **Физичко насилство врз децата** *е оној вид на насилство кој води до актуелна или потенцијална физичка повреда поради интеракција или недостаток на интеракција која е предизвикана од родител или лице кое е во позиција на одговорност, недостаток на доверба или манифестирање моќ во однос на детето.*
- **Сексуално насилство врз децата** *претставува вклучување на децата во сексуални активности кои детето целосно не ги разбира, не е способно да даде согласност за тоа, или за што детето не е развојно подготвено и не може да даде согласност, или со што се повредуваат законите или социјалните табуа во општеството. Сексуалната злоупотреба на децата се евидентира како активност помеѓу детето и возрасно лице кое се наоѓа во положба на одговорност, доверба или моќ спрема детето, активност која има за цел да ги задоволи потребите на другото лице. Сексуалното насилство опфаќа, но не се ограничува на: потикнување и присилување на детето за вклучување во недозволени сексуални односи; експлоативна употреба на децата во проституција или други недозволени сексуални практики; експлоативна употреба на децата во порнографски изведби и материјали.*

[1] WHO. Report on consultation on child abuse prevention, 29-31 March 1999, Geneva, World Health Organization, 1999 (document WHO/HSC/PVI/99.1)

- **Запуштање и занемарување на децата** *претставува невнимание или пропуштање на преземање на дејствие од страна на лицето кое се грижи за развој на детето во сите сфери: здравје, едукација, емоционален развој, исхрана, згрижување и безбедни услови за живеење, во рамките на ресурсите расположливи на семејството или згрижувачкото семејство или институција (лица одговорни за чување и воспитување на детето), и причинува штета или има голема можност да предизвика штета по здравјето на детето или неговиот физички, ментален, духовен, морален или социјалален развој. Тука се вклучува неуспехот за соодветен надзор и заштита на детето од повреда колку што е изводливо.*
- **Емоционално насилство врз децата** *опфаќа неуспех за обезбедување на соодветна средина за поддршка и развој на детето, за да може детето да развие стабилни и целосни емоционални и социјални компетенции, во согласност со неговиот личен потенцијал и во контекст на средината во која детето живее. Тука може да се вклучат акти кон детето кои што предизвикуваат или пак кои имаат голема веројатност да предизвикаат штета по здравјето на детето или неговиот физички, ментален, духовен, морален или социјалален развој. Овие акти треба да се во контрола на родител или лице кое е одговорно за детето, или во позиција на одговорност, доверба и моќ.*
- **Комерцијална или друга екплоатација на детето** *се однесува на злоупотребата на детето во работни или други активности за да се оствари добивка на други лица. Овие активности се штетни за физичкото и менталното здравје на детето, образованието, моралниот и/или социјално-емоционалниот развој на детето.*

## Дефинирање на поимот насилство

Општественото прилагодување во животот на секој поединец зависи од опкружувањето во кое детето расте. За децата училиштатата, како и установите за социјална заштита претставуваат значаен дел од социјалното опкружување. Искуствата кои децата ги стекнуваат во училиште, или пак во установите за социјална заштита во голема мера ги одредуваат нивните подоцнежни преференции и прилагодувања во животот. Затоа е важна улогата на сите институции осмислување на програма која би оптимизирала континуран развој на децата како телесни, морални, интелектуални и социјални суштетсва во согласност со нивните способности и преференции.

Лицето чие име најчесто се поврзува со истражувањето на проблемот на насилството помеѓу децата и во актуелизирањето на овој проблем во научните кругови во јавноста е Ден Олвејс, професор по психологија на Бергенски. Ден Олвејс во седумдесетите години започнал да се занимава со оваа проблематика, со дефинирање на проблемот на насилството помеѓу децата и со утврдување на распространетоста на оваа појава. Веднаш потоа, научниците од останатите Скандинавски земји, а подоцна и од останатите развиени земји, се заинтересирале за оваа проблематика. Во јавноста овој проблем се наметнал во 1982 година кога три момчиња од Норвешка извршиле самоубиство поради насилство кое врз нив го вршеле нивните врсници. Норвешкото Министерство за образование во 1983 година покренало национална кампања за решавање на проблемот на насилство помеѓу децата, што претставува ново поглавје во решавањето на овој проблем. Всушност, со оваа постапка, проблемот на насилство помеѓу децата се поместил од позиција на предмет на интерес само во научните трудови кој бара интердисциплинарен пристап, на проблем кој бара посебна програма интегрирана во рамки на училиштата и кој завзема широки општествени размери.

Додека во Македонија проблемот на насилството помеѓу децата е во почетна фаза на истражување, односно во фаза на утврдување на раширеноста на појавата, во поразвиените земји во светот овој проблем веќе

поминал низ неколку фази, и тоа утврдување на инциденција на појавата, работа на сензибилизација на јавноста за овој проблем, свест за потребата за интердисциплинарен пристап кон проблемот, зголемен ангажман на надлежните институции, собирање средства и поддршка од владините институции, изработка на превентивни и интервенциски програми како и евалуација на истите.

Со цел да се укаже на релевантноста и важноста на проблемот на насилството, најпрвин во ова истражување ќе се дефинира што се подразбира под насилство помеѓу децата, потоа ќе бидат наведени факторите на ризик за појава на насилно однесување, како и карактеристиките на ,,типична" жртва и насилник.

Не постои општоприфатена дефиниција за поимот насилство. Така, како синоними за овој проблем се јавуваат агресијата, насилното однесување, злоупотребата на сила и слично. Поимот насилство обично означува примена на сила спрема одредено лице без оглед на карактерот, јачината, интенизтот и видот на користена енергија, како и кој е жртва а кој извршител.

Истражувањата за насилството помеѓу децата започнале во Скандинавските земји под поимот ,,мобинг", кој е воведен од страна на училишниот лекар P. P. Heinemann, опишувајќи го групното насилство во контекст на расната дискриминација (Heinemann,1972). Ден Олвејс, во своите први дела исто така го користел терминот мобинг, за подоцна тој, и низа други автори во објавувањето на своите дела на англиски јазик да започнат да го користат терминот bullying кој Анатол Пикас (Pikas, 1989) го препорачувал.

Една од дефинициите за булинг ја дал Farington (според Baldry, 2003: 714) според која булингот се дефинира како ,,било кој облик на физичко или психичко зачестено нанесување на штета од страна на помоќен и појак ученик (или група на ученици) спрема послаб ученик". Ден Олвејс булингот го дефинирал на многу сличен начин (Olweus, 1998:19), па според него ,,ученикот е злоставуван или виктимизиран кога тој или таа се повторливо и трајно изложени на негативни постапки од страна на еден или повеќе

ученици". Според него, станува збор за булинг само ако се земени во предвид три битни елементи:

- Негативни постапки – негативни постапки се постапки кои некој намерно ги задава или се обидува да ги зададе на некој друг со цел да го повреди или да му нанесе штета. Berkowitz агресијата ја дефинира како „било кое однесување (физичко или вербално) спорведено со намера да се повреди некого (физички или психички)" (според Žužul, 1989:48). Значи, негативните постапки се всушност агресивни постапки. Со поистоветувањето на негативните постапки со агресивните постапки од булингот се исклучуваат некои постапки со кои на другото лице му се нанесле повреди или непријатности, а истите се изведени случајно, или без намера другото лице да се повреди. Негативните постапки можат да се изведат со зборови, физички контакт или пак без употреба на зборови и физички контакт. Неативните постапки со помош на зборови вклучуваат постапки како закани, потсмевања, навреди; негативните постапки со физички контакт вклучуваат постапки како удирање и буткање со раце или нозе, штипење, кубење; дедека пак, негативните постапки без употреба на зборови или физички контакт вклучуваат постапки како исклучување на некого од групата или играта.
- Повтрливост и трајност – за некоја негативна постапка да се смета за насилство мора да биде повторлива и трајна. Овој услов е поставен во дефиницијата за насилството со цел од насилството помеѓу децата да бидат исклучени одредени беззначајни постапки насочени спрема децата како закачкања, кои се составен дел од играта и имаат релативно пријателски карактер.
- Асиметричен однос на сили – за насилство станува збор само ако помеѓу учесниците во насилството постои несразмерен однос на сила, односно асимтеричен однос на сила. Со други зборови, детето е изложено на насилство ако со потешкотии се брани, или пак е беспомошен во однос на детето/децата кои го злоставуваат. Несразмерниот однос на сила може да се јави во ситуации на насилство

кога жртвата е навистина физички послабо од насилникот, кога жртвата се доживува физички и психички послаба или пак доколку постои бројчана несразмерност помеѓу жртвата и насилниците.

Иако постојат голем број на истражувања во кои насилството се дефинира само преку феноментот на силеџиство („силеџиството е таков облик на агресивно однесување (а) во кој жртвата е континуирано изложувана на насилство и (б) во кое постои непропорционална моќ (извршителот на насилството секогаш е посилен поединец или група)” (Olweus, 1993:9), сепак не постои доволно убедлива причина да се изостават сите оние облици на агресија кои се јавуваат само еднаш (а чии последици можат да бидат исклучително сериозни, на пример кај сексуалното насилство) или оние облици во кои агресорот е послаб или еднаков по моќ со жртвата, или пак тој однос е непознат и ирелевантен (Popadić i Plut, 2007).




Слика 1. Однос помеѓу агресијата, насилството и силеџиството според Олвејс (Popadić, 2009)

Потребно е да се воочи дека од Олвејсовото дефинирање на произлегува податокот дека силеџиството е еден облик на насилство, туку

дека насилството и силеџиството се облици на агресивност кои делимно се преклопуваат. Физичките напади кои не се повторливи и/или во кои не постои дисбаланс на моќ би спаѓале во насилство, но не и во силеџиство, повторливите облици на психолошко и социјално злоставување би спаѓале во силеџиство, но не и во насилство, додека пак, облиците на психолошко и социјално злоставување кои не се повторливи и/или не постои дисбаланс на моќ, не би спаѓале ниту во силеџиство ниту во насилство, туку само во агресивно однесување (Popadić, 2009).

Во современата литература се сретнуваат и други дефиниции за насилството, а разликите во дефинирањето произлегуваат од тоа што авторите од различен аспект и со различна цел се фокусираат на овој феномен. Branislava Popović-Ćitić (2007) направила систематизација на бројни дефиниции на насилното однесување и покажала како дефинициите се разликуваат во зависност од професионалната перспектива на истражувачите - дали се работи за правна, криминолошка, клиничко-дијагностичка, медицинска или психолошка дефиниција на насилното однесување.

На пример, на прашањето што претставува насилство, Jelena Srna (2003:3) одговара дека тоа е нелегална и неморална употреба на сила со која се прави штета на себе си, на другите и на средината, како и дека ,,насилството се врши со намера некому да му се нанесе болка или повреда. Значи, за насилниот акт, карактеристични се две работи: намера и повреда" (2003:5).

Во соседна Србија постои ,,Посебен протокол за заштита на децата и учениците од насилство, злоставување и занемарување во образовно-воспитните установи" (2007) во кој насилството се дефинира како ,,секој облик на еднаш направено или повторливо вербално или невербално однесување кое има за последица вистински или потенцијално да го загрози здравјето, достоинството на децата/учениците".

Олвејсовите одредувања послужиле како појдовна основа во многу истражувања, меѓутоа важно е да разјасниме дека во ова истражување наведените термини нема да бидат користени ниту онака како што Олвејс ги

дефинирал, ниту пак онака како што е неговата класификација модифицирана во пракса. За разлика од неговите дефинирања, покрај покрај физичкото насилство, предмет на истражување ќе бидат и формите на психолошка и социјална агресија, насилните однесување кои се јавиле и само еднаш, насилството каде не мора да постои непропорционална сила и моќ, и насилното однесување помеѓу децата и насилното однесување на возрасните спрема децата. Ваквото разгледување на насилството и употребата на овој термин во пошитока смисла се сретнува и во други истражувања (Thompson et al., 2002; Benbenisthy and Astor, 2005).

Одредувањето на поимот насилство врз децата бара претходно разгледување на содржината и значењето на одредени поими како што се запоставување или занемарување, злоставување и злоупотреба на децата. Многу често овие поими се перцепираат како синоними или како видови на насилство врз децата. *Занемарувањето или запоставувањто* претставува таков однос спрема потребите или личноста на детето со кој се прави пропуст во задоволувањто на потребите на детето и недоволно се уважува неговата личност. Поимите злоставување и злоупотреба се многу блиски и подразбираат штетен и неадекватен однос спрема децата, при што тие се третираат како објекти, а не како субјекти во односот, со тоа што злоставувањето подразбира лош и нехуман однос на поединецот, групата или инстутуцијата врз децата, а злоупотребата покрај тоа значи и користење на децата заради задоволување на некои потреби и интереси на насилникот за сметка на потребите, интересите и личноста на детето.

Со оглед на тоа што ова истражување е насочено кон испитувањето на насилството врз децата, неопходно е да се одреди и поимот дете, иако можеби изгледа дека е непотребно бидејќи е во прашање општо познат поим. Постоењето на социолошки, психолошки и правни дефиниции за детето сепак упатува на потребата од негово дефинирање. Во ова истражување *под поимот дете се подразбира секое лице кое е помладо од 18 години, што е правно признатата граница за полнолетство во македонскиот правен систем.*

Во македонскиот јазик наместо булинг се користат термините насилство помеѓу деца, врсничко насилство, училишно насилство и слично.

Насилството помеѓу децата со оглед на обликот може да се подели на *директно и индиректно насилство*. За директно насилство станува збор тогаш кога жртвата е повторливо и трајно напаѓана со директно нанесување на штета, како на пример физички повреди, вербални навреди, крадење на пари и слично. За индиректно насилство станува збор тогаш кога жртвата е повторливо и трајно напаѓана со недиректно нанесување на штета, како ширење на гласини и невистини за некое дете, наговарање на врсниците да не се дружат со него и слично (Baldry, 2003).

Покрај горенаведената класификација, насилството помеѓу децата може да се подели и на *вербално* (навреди, ширење на гласини, исмејување, закани) и *телесно насилство* (удирање, буткање, штипење, кубење). Во рамките на овие два вида на насилство, може да се издвојат четири подвидови на насилно однесување: *сексуално насилство* кое подразбира несакан физички контакт по интимните делови на телото и давање на навредливи коментари, *културно насилство* кое подразбира навреди на национална, религиска и верска основа, *економско насилство* кое вклучува кражби и изнудување на пари, и *емоционално насилство* кое вклучува намерно исклучување на жртвата од заедничките активности на групата или игнорирање (Poliklinika za zaštitu dece grada Zagreba, 2003).

Насилното однесување во однос на функцијата може да се подели на инструментално насилство и непријателско насилство (Žužul, 1989). Инструменталното насилство е однесување кое има функција за добивање на корист кај извршителот на насилство, а непријателското насилство првенствено има за цел да нанесе штета и болка на другото лице.

Во студијата на Генералниот Секретаријат на Обединетите Нации ,,Насилство врз децата” (2006) година дадени се податоци кои говорат за присутноста на насилството врз децата во установите за социјална заштита. Така во истата се наведени следниве факти на кои треба да се обрне внимание:

- Милиони деца, особено од машкиот пол, поминуваат голем дел од животот под контрола и надзор од страна на системот во установите за социјална заштита. Овие деца се изложени на ризик од насилство кое го извршуваат вработените и официјално одговорните лица за нивната добросостојба. Во голем број на земји физичкото казнување во овие установи не е експлицитно забрането
- Големиот број на деца во установите, општетсвената стигматизација и дискриминација, како и лошо обучениот кадар го зголемуваат ризикот од појавата на насилство. Често, не постојат успешни механизми за надзор и инспекција, ниту пак постои соодветна правна регулатива и контрола од страна на Владата. Извршителите не сносат никаква одговорност, што ја поттикнува културата на заштита на извршителите и води до толерирање на насилството над децата.
- Дури 8 милиони деца во светот се сместени во установи за социјална заштита[2]. Релативно мал е бројот на оние кои се сместени во овие установи поради тоа што немаат родители; најголем број од нив се сместени поради инвалидитет, дезинтеграција на семејството, семејно насилство, лоши социјални и економски услови, манифестирање на воспитно социјални проблеми.
- Насилството кое се спроведува во овие установи со цел ,,дисциплинирање на децата” вклучува удирање на децата, повеќедневно заклучување во темни и ладни простории[3]
- Во установите за социјална заштита децата со инвалидитет можат да бидат предмет на прекриено насилство (2006).

---

[2] D. Tolfree, Roofs & Roots: The care of separated children in the developing world (London, Save the Children UK, 1995), Bo: International Save the Children Alliance, A Last Resort: The Growing Concern about Children in Residential Care (London, Save the Children UK,2003)
[3] United Nations Secretary–General’s Study on Violence against Children Regional Desk Review: Middle East and North Africa
Region 2005, p. 19;
Mental Disability Rights International, Hidden Suffering: Romania’s Segregation and Abuse of Infants and Children with Disabilities (Washington, D.C., Mental Disability Rights International, 2006

## Фактори на ризик за појава на насилство

Скот наведува дека насилните реакции се резултат на заедничко дејствување на агресивноста кај една личност и срединската стимулација. Односно, дали едно дете ќе се однесува агресивно зависи од голем број на фактори – индивидуални, воспитни и ситуациски (Žužul, 1989).

- **Индивидуални фактори на ризик**

Како карактеристика на личност, агресивноста се појавува на две нивоа, како латентна агресивност и како манифестна агресивност. Латентната агресивност Žužul (1989) ја дефинира како ,,релативно трајна и стабилна карактеристика на поединецот во провоцирачки ситуации да реагира со пораст на емоционална тензија и појава на тенденција за напад на изворот на провокација”.

Истражувањата поврзани со насилството помеѓу децата покажуваат дека децата насилници генерално имаат недостаток на емпатија за жртвите (Olweus, 1998), додека пак Vasta, Haith и Miller (1998) сметаат дека децата кои се насилници најголем број од ситуациите ги доживуваат како провокативни, што кај нив предизвикува агресивна мотивација.

- **Воспитни фактори на ризик**

Со помош на голем дел на истражувања Олвејс утврдил дека воспитувањето од страна на родителите и условите во кои детето расте влијаат врз појавата на насилништво и тоа низ четири фактори (според Olweus, 1998; Vasta, Haith и Miller, 1998). Првите два фактори се однесуваат на димензијата родителство, односно на родителската топлина и родителскиот надзор. Децата чии родители имаат имаат ниска родителска топлина, кои не се чувствителни на детските емоционални потреби, кои им пружаат минимална емоционална поддршка и внимание, често се непослушни, агресивни и манифестираат проблеми во однесувањето. Како што наведува Олвејс (Olweus, 1998), недостатокот на топлина и внимание, особено во најраната возраст, ја зголемува опасноста од подоцнежно манифестирање на насилно однесување и непријателство спрема другите. Другата димензија во однос на родителското однесување е родителскиот

надзор, односно степенот во кој детето е набљудувано, дисциплинирано и насочувано. Децата кај кои родителите не поставуваат јасни граници на насилно однесување спрема врсниците, браќата, сестрите, но и возрасните, односно децата чии родители се пермисивни спрема искажувањето агресија ја зголемуваат детската агресивност, а со тоа и ја зголемуваат опасноста од подоцнежно насилно однесување. Имено, ако во агресивното детско однесување изостануваат казни, детето во својот репертоар на однесување ќе ги инволвира агресивните реакции. Недостатокот на родителски надзор и топлина се особено карактеристични за децата кои се сместени во установите за социјална заштита.

Како трет фактор кој влијае врз воспитувањето на децата, а кој го зголемува ризикот од подоцнежно насилно однесување е емоционалното и физчкото злоставување на децата од страна на родителите или старателите (Puhovski, 2002). Освен злоставувањето на децата, фактор кој го зголемува ризикот од насилно однесување е и сведочењето за насилство во семејството. Овој наод го потврдуваат голем број на истражувања. Во истражувањето на Canadian National Longitudinal Survey of Children and Youth (според Baldry, 2002) резултатите упатуваат на тоа дека децата кои се сведоци на насислтво во домот во голема мера директно или индиректно ги злоставуваат своите врсници. Насилството кај децата кои се емоционално или физички злоставувани и кои се сведоци на насилство во домот, може делумно да се протолкува со теоријата на социјално учење кај Бандура. Според оваа теорија, децата кои се сведоци на насилство, учат дека насилството претставува прифатлив облик на однесување во ситуации на фрустрација. Од друга страна пак, злоставувањето на децата (особено емоционалното злоставување) и сведочењето на насилството се и битни фактори за детето да стане жртва на насилство (Puhovski, 2002). Оваа поврзаност не е директна, туку кај овие деца доаѓа до намалување на самопочитувањето, депресија, страв што може да доведе до одвојување од групата на врсници и изолирање на детето, со што се зголемува веројатноста детето да стане жртва.

Како четврт воспитен фактор кој влијае врз појавата на насилство кај децата се наведуваат бројни стресори (развод на родителите, алкохолизам на

родителите, хронични болести кај членови од семејството, смрт на член од семејството) на кои детето може да биде изложено во текот на одреден период од животот и кои можат да резултираат со зголемена агресивност кај детето (Šimić, 2004).

- **Ситуациски фактори на ризик**

Дефиницијата за насилство помеѓу децата во средината вклучува негативни постапки од страна на едно или повеќе деца. Од оваа дефиниција јасно се гледа дека во рамки на установите за социјална заштита, извршител на насилството може да биде еден штитеник или група, а според наодите на Олвејс најчесто станува збор за група од двајца или тројца штитеници (Olweus, 1998). Во ситуации кога едно или повеќе деца се однесуваат насилно, децата го моделираат тоа однесување, па доколку тој модел позитивно се вреднува, или како што наведува Бандура – доколку агресивното однесување се вреднува во вид на поткрепување и поттикнување, таквиот модел на однесување силно ќе влијае на децата кои и самите се несигурни и зависни од некој друг. Штитениците кои во ваквите ситуации почнуваат да се однесуваат насилно се нарекуваат пасивни насилници.

Освен преку моделирање на однесувањето на групата, насилното однесување се поткрепува и преку намаленото чувство на поединечна одговорност и изостанокот на казна за насилното однесување. Имено, насилното однесување многу ретко предизвикува негативни последици кај врсниците или наставниците, а неретко доаѓа до позитивно поткрепување бидејќи насилникот е оној кој е ,,победник” над жртвата.

Освен влијанието на групата како фацилитатор на насилството, мора де се споменат и срединските фактори на ризик, и тоа првенствено стручниот кадар во училиштата и установите за социјална заштита. Истражувањата покажуваат дека постојат значајни разлики помеѓу училиштата и установите во однос на присутноста на насилството. Имено, стручниот кадар со своето однесување претставува важен фактор во спречувањето на насилните акции меѓу децата, како и во пренасочувањето на асоцијалното однесување во просоцијално.

## Типични карактеристики на насилникот

Се покажало дека не е лесно да се направи профил на типичен насилник, иако постојат стеротипи дека таквите деца се пред сѐ од машки пол, физички се појаки од своите врсници, несоцијализирани се, преку насилство ги решаваат проблемите, што им предизвикува проблем и нив и на другите. Поради овие карактеристики, детето насилник е маргинализирано, другите се плашат од него и не го сакаат (Clarins i Clarins, 1991).

Насилниците се деца кои повторливо ги закачаат другите деца на непријатен начин, им се потсмеваат, ги заплашуваат, им се закануваат, ги омаловажуваат, им наредуваат, ги удираат, ги игнорираат и слично. За децата насилници е карактеристична зголемена латентна агресивнос и намалена агресивна инхбиција во однос на ненасилните деца. Зголемената агресивност насилниците не ја искажуваат само во однос на другите деца, туку и во однос на возрасните, родителите, наставниците.

Освен зголемен степен на агресивност, типичниот насилник, најчесто момче, се карактеризира и со поголема телесна маса. По правило, тие се појаки од другите деца, а особено од жртвите. Девојчињата за разлика од момчињата во поголема мера користат вербални и индиректни облици на насилство, а во помала мера физички облици, бидејќи физичката сила кај девојчињата не е еден од предусловите за извршување на насилството.

Типичните насилници освен што се поагресивни, имаат и потреба да осетат контрола и моќ, а често им недостасува сочувствителност за жртвите (недостаток на емпатија). Често влегуваат во конфликти, се спротивставуваат и ги кршат правилата поставени од авторитети, тешко се носат со фрустрирачки ситуации, лесно се навредуваат и често манифестираат агресивност (па дури и спрема себе си). Најчесто имаат позитивен став спрема насилството, и по правило немаат ниско самопочитување, кое е карактеристично за жртвите (Olweus, 1998).

Според Олвејс (Olweus, 1998) насилниците имаат едно или повеќе општи обележја:[4]

- Телесно се посилни од своите врсници
- Успешни се во игрите, спортовите, борбите
- Имаа силна потреба за власт и потчинување на останатите деца, сакаат да се фалат со вистинска или замислена надмоќ над останатите деца
- Раздразливи се, импулсивни и тешо поднесуваат неуспех, тешко се прилагодуваат на правила
- Генерално се дрски и агресивни спрема возрасните, а често и ги заплашуваат
- Вешто се извлекуваат со изговори од ,,тешки ситуации"
- Не се плашливи ниту несигурни, туку напротив најчесто имаат позитивно мислење за себе

## Типични карактеристики на жртвата

Типичните жртви на насилство се оние деца кои се често мета на напад, кои не возвраќаат, туку трпат и се повлекуваат. Тие покажуваат некои, очекувани, заеднички карактеристики. По правило, тоа се деца кои се физички послаби, поосетливи, анксиозни, плашливи и повлечени (Byrne, 1994; Marano, 1995). Тие се несигурни, неасертивни, а на напад од другите деца реагираат со плачење и повлекување. Низ истражувањата спроведени во различни средини се покажува дека изложеноста на насилството е поврзана со зголемена анксиозност, депресивност, ниска самодоверба и лоша слика за себе, и дека таквиот опис важи за двата пола и за различни возрасти. Жртвите често пати имаат и некои физички деформации, дткаат, имаат натпросечна телесна маса, но не значи дека поради тоа станале жртви.

---

[4] Треба да се напомене дека овие карактеристики првенствено се однесуваат на момчињата бидејќи насилството кај девојчињата многу помалку се истражувало, па затоа и помалку се знае за типични облежја кои постојат помеѓу нив

Неколку истражувања во Велика Британија покажуваат дека децата кои потекнуваат од маргинализираните групи значајно повеќе (2-3 пати) се изложени на ризик од виктимизација, како и на ризик да станат насилници). Децата со инвалидитет се помалку интегрирани во врсничките групи, имаат помал круг на пријатели кои би ги штителе, а тие фактори се многу важни за станување на жртва (Cowie and Wallace, 2000).

Жртвите на насилство се повторливо и трајно изложени на негативни постапки од страна на едно или повеќе деца. Досегашните истражувања укажуваат на фактот дека постојат голем број на типични обележја односно фактори на ризик за одредено дете да стане жртва на насилство. Во зависност од тоа во која комбинација факторите на ризик се појавуваат, се разликуваат две категории на жртви: пасивни (подложни) жртви и провокативни жртви. Според Олвејс (Olweus, 1998) пасивните жртви имаат имаат едно или повеќе заеднчки обележја:

- Дете кое е телесно послабо од своите врсници, физички неспособно за спортови, има слаба телесна кондиција. Исто така, постои врежано мислење дека почесто жртви се децата кои по некои надворешни обележја се разликуваат од останатите деца (црвена коса, носење на наочари за вид).
- Недостаток на самопочитување и негативна слика за себе. Чувство на засраменост и непривлечност.
- Внимателни се, чувствителни, мирни, повлечени, пасивни, срамежливи, лесно можат да заплачат
- Деца со потешкотии во развојот или со одредени говорни мани (пелтечење)
- Имаат слабо развиени социјални вештини, недостаток на асертивност
- Немаат поддршка од врсниците и стручниот кадар кој е во нивна непосредна околина
- Сметаат дека самите се виновни за она што им се случува
- Имаат желба да се вклопат во друштвото на било кој начин.

За провокативните жртви карактеристичен е спој од исплашен и агресивен образец на однесување. За оваа група на жртви, освен претходоно наведените, Олвејс ги дополнува и следниве карактеристики:

- Раздразливост, потешкотии за концентрација
- Хиперактивност
- Насилни и напнати, ги предизвикуваат и злоставуваат послабите ученици (Olweus, 1998).

## Видови на насилство

- **Поим за физичко насилство**

Мал е бројот на дефиниции за физичкото насилство врз децата, иако тој вид на насилство е оној кој првенствено предизвикува внимание во стручната и општетсвената јавност. Вообичаено се смета дека индикаторите на физичкото насилство се лесно препознатливи и дека поради тоа не се неопходни посебни дефиниции. Првата дефиниција поврзана со физичкото насилство над децата ја дава Gill уште во 1968 година и тој го дефинира истото како ,,намерен физички напад или нанесување на телесно повреди, и минимални и фатални, нанесени од страна на лица кои се должни да се грижат за децата (Gill, 1968). Оваа дефиниција е прецизна, но од денешен аспект исклучува многу содржини кои денеска се вбројуваат во физичкото насилство. Според дел од современите сфаќања нема потреба од правење на јасна дистинкција помеѓу физичкото и емоционалното насилство, бидејќи физичкото насилство претпоставува и употреба на емоционално насилство. Според овие сфаќања, физичкото и емоционалното насилство вземно се условуваат, заедно се јавуваат, наизменично менувајќи го својот интензитет (Petri, 1989).

Иако физичкото насилство, по правило, опфаќа различни видови на употреба на сила во директно напаѓање на детото, содржината на овој поим може да се прошири и на различните видови на загрозување на физичкото

здравје на детето кое се карактеризира без присуство видливи рани и повреди (на пример недавање на храна, лекови, затворање во темни простории, облекување со неадекватна облека). Голем дел од авторите кои се занимаваат со оваа проблематика го одвојуваат физичкото насилство од физичкото занемарување на децата „Физичкото насилство се дефинира како нанесување на повреди на децата помлади од 18 години од страна на родителите/старателите или оние кои се грижат за децата и опфаќа широк дијапазон на повреди. Физичкото насилство се разликува од физичкото занемарување, кое пак, се однесува на пропусти од страна на родителите/старателите на децата да им обезбедат соодветна физичка заштита и надзор” (Green, H. A., 1995:1).

Имајќи ја во предвид одговорноста на возрасните, пред сè на родителите и старателите, како и на институциите во кои децата привремено, повремено или постојано се згрижени, под физичко насилство се подразбира и она оштетување на физичкото здравје кое е последица на недоволна грижа и пропусти во пружањето на соодветна заштита.

Во рамките на ова истражување, ќе се држиме до дефиницијата дека физичкото насилство над децата опфаќа такви односи и однесувања од страна на поединецот или установите кои со примена на физичка сила, со или без употреба на други средства, нанесуваат повреди, рани и го загрозуваат здрвајето или животот на малолетникот.

- **Поим за емоционално насилство**

Како што со право предупредуваат некои автори, емоционалното насилство над децата е дел од сите видови на насилство, и секогаш претставува сигурен индикатор за постоењето на насилството, меѓутоа, истото се јавува и како посебен вид на насилство (Hart et al., 1996). Имено, видливите знаци на емоционалното насилство се манифестираат после подолг период на изложеност на овој вид на насилство, и често претставуваат индикатор за психолошка криза. Од друга страна пак, емоционалното

насилство е и најлесно да се прикрие, и често останува ,,недопирливо" дури и за професионалците.

Меѓу првите обиди што попрецизно да се дефинира поимот емоционално насилство врз децата, спаѓа дефиницијата која е користена на Меѓународната конференција за емоционално насилство над деца и млади, одржана во 1983, според која под емоционално насилство врз децата се подразбира извршување на акти или постапки кои се емоционално штетни за развојот на децата. Извршители на овие акти можат да бидат поединци, групи, кои врз основа на одредени свои карактеристики (возраст, статус, знаење) се во позиција да поседуваат посебна моќ, која ги прави децата вулнерабилни. Овие акти, порано или подоцна влијаат врз однесувањето и функционирањето на децата и на когнитивно и на емоционално и на бихејвиорално ниво (Hart & Brassard, 1991).

Оваа дефиниција тежнее кон опфаќање на различни аспекти и сегменти на емоционалното насилство, и е широко применлива како во истражувањата, така и во праксата при креирањето на различни програми за превенција и заштита на децата.

Во рамките на ова истражување под емоционално насилство врз децата ќе се подразбира таков однос или однесување од страна на поединец, група или институција со која се запоставува, загрозува, потценува, навредува или вербално напаѓа личноста на малолетникот.

- **Поим за сексуално насилство**

Како што е случај и со другите форми на насилство, така постојат и различни пристапи и сфаќања за сексуалното насилство, па оттука и различни дефиниции за истото. Некои автори не го одвојуваат сексуалното од физичкото насилство, туку напротив сметаат дека тоа е само една посебна форма на физичко насилство. ,,Сексуалното насилство е подтип на физичкото насилство во кое детето се користи за сексуално задоволување на желбите и потребите на некој возрасен. Тоа во себе вклучува генитален

контакт и може да се рангира според грубост од галење до силување со физички повреди" (Green, H. A., 1995:1). Меѓутоа, во оваа дефиниција се запоставува можноста дека сексуалното насилство може да се извршува од страна на врсници или други малолетници, како и некои посебни видови на сексуално насилство кои вклучуваат експлоатација на малолетникот. Според една од најсеопфатните дефиниции за сексуално насилство, потребно е да се земе во предвид содржината на сексуалниот чин, карактерот на односите кои малолетникот го има со извршителот и специфичноста на возраста. Така според Rayan (1991) сексуалното насилство вклучува сексуален контакт кој е извршен со сила, или со закана за употреба на сила, без оглед на возраста на малолетнкот (според Berliner & Elliot, 1995).

Во рамките на ова истражување под сексуално насилство ќе се подразбира секој вид на вербален, гестовен или физички контакт со сексуална содржина помеѓу најмалку две лица од било кој пол.

- **Занемарување**

Во достапната литература евидентно е дека децата се занемарувани и злоставувани низ вековите, а нивното препознавање е во зависност од социјалните фактори. Уште пред повеќе од триесет години Кемпел за прв пат го дефинирал поимот „натепано дете", а денеска сеуште јасно не се дефинирани ниту начините на заштита, ниту начините за препознавање, особено на занемарените деца.

Кога се зборува за занемарување, најчесто се мисли на физичко занемарување, или пак недоволна грижа за детските физички потреби, а многу поретко на емоционалното и образовното занемарување.

Поимот занемарување различно се дефинира, во зависност од медицинските, правните, психолошките, социјалните и другите ставови кои произлегуваат од организацијата на општетсвото, верувањата, културните карактеристики и семејната структура. Многу автори зборуваат за колективно занемарување кое произлегува од организацијата на

општетсвото, организиацијата на установите за социјална заштита, болниците, училиштата. Сепак, занемарувањето може да се дефинира како недостаток на соодветна грижа и нега на возрасните лица спрема децата, што битно влијае на детскиот нормален физички и психички развој. Кога се зборува за ***физичко занемарување***, се мисли на незаштитување на децата од повреди, опасности, незадоволување на основните потреби и слично. ***Емоционалното занемараување*** вклучува во себе пасивен или агресивен став на возрасните кон емоционалните потреби на децата. Оваа дефиницијата зависи од културалните ставови. ***Здравственото или медицинското занемарување*** вклучува различни видови на постапки на возрасните кои не водат сметка за детската здравествена заштита како и кај кои отсуствува потреба за консултација со медицинските лица. Здравственото занемарување опфаќа редуцирање на потребните тераписки третмани во случај кога детето има сериозни емоционални проблеми или проблеми во однесувањето. ***Едукативното занемарување*** опфаќа активности во кои родителот/старателот не соработува со училиштето, не му пружа помош на детето, не му го овозможува на детето потребниот училишен прибор.

- **Електронско насилство**

Во последно време како посебен облик на насилство, кој нема да биде проучуван подетално во рамките на ова истражување, се издвојува електронското насилство (cyber bullying) кое се дефинира како „испраќање или објавување на повредувачки или сурови текстови или слики преку Интернет или други дигитални комуникациски средства" (Willard, 2004:1). Меѓутоа, електронското насилство не се состои само од снимки на насилство – бројни примери покажуваат колку учениците можат да бидат креативни со овој вид на понижување на други ученици: се испраќаат слики од ученици кои се нашле во непријатни ситуации, слики од телесно покрупни деца, се организираат анкети за тоа кој е најнепривлечен во класот, училиштето... (Li,

2007). Постојат повеќе форми на овој вид на насилство (Ortega et al., 2007; Willard, 2006):

- Електронски пораки кои содржат вулгарности и навреди; Омаловажување на другите преку праќање на пораки кои содржат гласини и лаги, со цел да се уништи нечија репутација или да се наруши нечиј однос
- Лажно претставување
- Индискреција – откривање нечии тајни, податоци и слики кои не се наменети за во јавност
- Намерно отфрлање на некого од on line групи (форуми, дискусиони листи).

## Конвенција за правата на детето од 1989 г. на ОН и Општи коментари на Комитетот за права на детето

Конвенцијата за правата на детето 1989 г. на ОН е најшироко прифатена конвенција која достигнала речиси универзална ратификација и која ги обврзува државите-потписнички да ги штитат правата на децата кои се утврдени со неа преку посебни извештаи за имплементација што се поднесуваат до Комитетот за правата на детето, кој претставува надзорно тело за имплементација на Конвенцијата составено од 18 независни експерти и кој изготвува препораки за конкретната состојба со правата во земјата. Со Конвенцијата се поставуваат принципи со кои се гарантираат посебни права на децата и посебна заштита поради нивната особена ранливост, процесни гаранции и примарна грижа за најдобриот интерес на детето, но и нешто што претставува иновација- се гарантира правото на рехабилитација на децата-жртви кои страдале од суровост и злоупотреба и други права на деца-жртви на казниви дејствија. Конвенцијата ги гарантира и правата на децата на живот и личен развој, правото да биде информирано за своите права ослободено од секаков вид на дискриминација, правото да биде сослушано.

Комитетот за правата  на детето има изадено 17 подетални толкувања - ошти коментари за детските права содржани во Конвенцијата.

Во својот Општ коментар бр.12, Комитетот ги објаснува сите чекори кои треба да се преземат за да се осигура ефикасна реализација на правото на детето да биде сослушано. Првиот чекор се однесува на подготвување на детето за сослушување при што му се даваат објаснувања за местото, времето и начинот за сослушување, како и за лицата кои го вршат сослушувањето. Понатаму, способноста на детето да го изрази своите ставови и мислења мора да се разгледа индивидуално, а детето мора да се извести за исходот на оваа проценка. На детето треба да му се овозможи слободно и на свој начин да го изрази својот став и мислење за неговото вклучување во судската постапка, да му се дадат информации за текот на постапката, неговата улога во неа и можноста за употреба на заштитни мерки во постапката.

Општиот коментар на Комитетот за права на детето бр.14 се однесува на правото на детето да се води грижа првенствено за неговиот најдобар интерес во сите дејствија и одлуки кои се однесуваат на него во јавниот и приватниот сектор. Неговата цел е да се зголеми разбирањето и примената на член 3 став 1 на Конвенцијата за права на детето на кој се однесува овој Општ коментар и да се поттикне промена во ставовите во насока на потполно уважување на децата како носители на права при преземањето дејствија и донесување на поединечни одлуки на правосудните и управните органи, јавните институции, приватниот сектор, организациите. Концептот – најдобар интерес на детето е составен од три компоненти: основно право, правен принцип и правило на постапување.

Со цел да се осигура усогласеност со чл.3 став 1 од Конвенцијата, Општиот коментар им наложува на државите- членки повеќе видови на обврски:

* измена  и дополнување на домашното законодавство во насока на имплементирање на најдобриот интерес на детето како материјално право и како правило за постапување,

* воспоставување на механизам за заштита- правни лекови за остварување на правата на детето,
* обезбедување на информации и едукација за практичната примена на овој член од конвенцијата,
* информирање на децата на јазик кој го познаваат.

Комитетот препорачува при проценката и утврдувањето на најдобрите интереси на детето, да се земат во предвид следниве елементи:

* слободното изразување на мислењето и ставовите на детето за одлуките кои ги засегаат,
* идентитетот на детето кој го одредуваат карактеристиките како: полот, сексуалната определба, националната и верската припадност, културниот идентитет, личните, физичките, социјалните и културните особености,
* зачувувањето на семејната заедница и одржувањето на семејните односи како негово право заштитено со Конвенцијата, освен кога одвојувањето е потребно поради тоа што ни една друга опција не може да го задоволи најдобриот интерес на детето,
* емоционалната грижа и заштита на детето од сите видови физичко, психичко, сексуално, економско, врсничко и друг вид на насилство и злоупотреба,
* ранливоста на детето, во смисла на припадност на малцинска група, статус на бегалец, бездомник, жртва на злоупотреба,
* правото на детето на здравје и образование

Државите- членки се должни да обезбедат строги процесни гаранции за утврдување на најдобриот интерес на децата при донесување на судски одлуки и одлуки во управна постапка, при што Комитетот препорачува неколку гаранциии:

* право на детето слободно да го изрази својот став,
* внимателно утврдување на релевантни факти од страна на едуцирани професионалци при согледување на елементите за процена на најдобрите интереси,

* приоритет и итност на постапките со кои се засегнати децата од причина што одолговлекувањето има негативно влијание на децата во развој,
* квалификуван стручен кадар кој има искуство во постапување со децата, организиран во интердисциплинарни тимови,
* правно застапување,
* образложеност на секоја одлука која се однесува на деца,
* механизми за преиспитување и преиначување на одлуки (жалби на одлуки).

## Правно дефинирање на поимот дете-жртва

Меѓуародното право, поточно Советот на Европа - Комитетот на министри, во својата Препорака Rec (2006) 8 до земјите-членки за помош на жртвите на криминал, го дефинира поимот жртва на следниов начин: „Жртва е секое лице кое претрпело зло, физичко или ментално нарушување, емоционално страдање или парична загуба, предизвикани со сторување или несторување, кое го крши кривичниот закон на државата- членка. Терминот „жртва“ ги вклучува и потесните членови на семејството на жртвата.

Според Конвенцијата на ОН за правата на детето од 1989 и Насоките на Советот на Европа по мерка на децата од 2010, „ Дете е човечко суштество кое нема наврршено 18 години од животот ако, врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.“ „Деца-жртви и сведоци се деца и адолесценти под 18- годишна возраст кои се жртви или сведоци на кривично дело без оглед на нивната улога во гонењето на престапникот.“

„Дете-жртва е лице под 18-годишна возраст кое трпи директно насилство, кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство или кога живее во средина во која има насилни односи.” На овој начин, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство го дефинира поимот дете-жртва. Тоа би значело дека детето е жртва на семејно

насилство и кога не трпи врз себе директно насилство, туку и кога е и сведок на истото или живее во средина каде што се врши насилство.

Националното законодавство го дефинира почетокот на детството со раѓањето и неговото завршување со достигнувањето на возраста од 18 години, кога се постигнува полнолетноста, како и целосна деловна способност и способност за остварување на правото на глас. (Богоевска, 2017)

Правната регулатива на РМ дава повеќе дефиниции на поимот дете, но, според Богоевска, клучната дефиниција е дадена во Законот за заштита на децата, според кој како дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот(член 11, став 1). По исклучок од ставот 1 на овој член, при остварување на детски додаток, како дете се смета лице до наполнети 18 години живот и доколку лицето кое е на училишна возраст се наоѓа на редовно школување. Според Законот за семејството, полнолетноста се стекнува со наполнување на 18 години од животот и кога лицето се стекнува со деловна способност.

Според Законот за семејството полнолетноста се стекнува со наполнување на 18 години од животот и кога лицето се стекнува со деловна способност.

Законот за правда за децата дефинира како дете секое лице на возраст под 18 години.

Дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое, поради ваквите состојби, е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

Дете-жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

Според Кривичниот законик, под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права, како последица на сторено кривично дело. Под дете како жртва се подразбира лице до 18 години.

## Перцепција на насилното однесување

Проучувањата на овој проблем започнаа во 70-тите години пд минатиот век, најпрво во Скандинавија, потоа во Јапонија, Англија, Холандија, Канада, САД, Австралија (Olweus, 1998), а во Норвешка овој проблем со години има свое место во средствата за масовна комуникација, кај наставниците и родителите.

Светската здравствена организација на секои четири години спроведува голема теренска студија за насилството во училиштата. Во последната студија (2006) во која учествуваа 29 земји, резултатите покажаа дека насилството меѓу учениците во европските земји е најприсутно (во Австрија 68.1%, во Данска, Гренланд, Литванија и Германија 61.2%, во Израел 43%, во Северна Ирска 21.3% итн.). Наведените истражувања се извршени на ученици на возраст од 11-15 години.

Насилството претставува вид на агресивно однесување на учениците кон друга личност, кон себе или кон имотот. Кога две лица со еднаква сила физички се пресметуваат (тепаат) или навредуваат, тоа претставува насилство но, не е злоставување. Насилството (злоставувањето) претставува збир од намерни, негативни постапки кои се долготрајни (2-3 пати месечно па дури и почесто), кои се насочени на ист ученик (главно послаб) од страна

на еден ученик или група, најчесто 2-3 ученика злоставуваат еден (Olweus, 1998). Односот на злоставувачот и жртвата се одликува со несоодветност на силите на континуумот моќ-немоќ. Ученикот е злоставуван кога е постојано изложен на негативни постапки од еден или повеќе ученици (Olweus, 1986, 1991). Во контекст на насилството во училишната средина, ученикот кој е изложен на насилство тешко се брани и е беспомошен во однос на злоставувачот (Olweus, 1998).

Постојат различни форми на насилно однесување меѓу учениците. Baldry (2003) прави разлика на насилство меѓу учениците во однос на формата и притоа нагласува постоење на директно и индиректно насилство. Во директно насилство Baldry ги вбројува физичките напади, навредувањата, а во индиректно озборувањето и социјалната изолација.

Стручните лица од поликлиниката за заштита на децата во градот Загреб (Bilić i Karlović, 2004) зборуваат за две форми на насилство: физичко и вербално. Физичкото насилство е најзебележаниот вид на насилство кој вклучува: удирање, туркање, кубење. Вербалното насилство пак, најчесто е следено со физичко насилство и подразбира навредување, ширење на гласини, потсмевање итн. Во двете наведени форми на насилство можат да се одвојат четири подвидови насилство:

- 1-емоционално насилство –игнорирање и исклучување од групата;
- 2-сексуално насилство –несакани допири, контакти, навредливи коментари;
- 3-културно насилство –навредување на расна, културна и национална основа;
- 4-економско насилство –кражби и изнудување на пари.

Агресијата и насилството за насилниците претставуваат средства за постигнување доминација и моќ меѓу врсниците. Насилниците главно се социјализирани во неадекватна семејна средина во која има отсуство на родителска грижа за децата, без да им се обраќа внимание на нивните

чувства, со физичко казнување, со отсуство на топлина и внимание, со бурно реагирање на родителите. Опишаниот семеен контекст може да биде причина за настанување на насилно однесување меѓу учениците (булинг).

Испитувањата ги наведуваат карактеристиките на учениците над кои се врши насилство. За тие ученици се вели дека (профил на жртвата) се плашли и несигурни, внимателни, чувствителни, тивки, реагираат со плачење и повлекување, имаат ниско самопожртување, презаштитени се од родителите, не се агресивни (освен во некои исклучоци), влегуваат во категоријата на ученици со посебни потреби. Некои истражувања покажуваат дека учениците кои се потенцијални жртви покажуваат субмисивно однесување. Како последица на насилното однесување меѓу учениците, може да се случи кај жртвата да дојде до намалување на академските способности. Ученикот-жртва чувствува страв да оди на училиште, а како последица од тоа може да зачестат отсуствата од училиште, да се појават проблеми со концентрацијата и да се постигне низок училишен успех.

Децата кои злоставуваат други деца често се сметаат за извршувачи на насилство. За нив е карактеристично што ги вознемируваат другите деца на непријатен начин, им се потсмеваат, ги застрашуваат, туркаат, удираат, гаѓаат. За да ги спроведат овие активности, тие пред се избираат послаби или беспомошни ученици, иако не е исклучена можноста, насилно однесување да покажуваат и кон други ученици. Извршувачите на насилство (профилот на насилникот) се одликуваат со агресивност, импулсивност, изразена потреба за моќ и доминација, непријателски став кон околината, недостаток на емпатија, физичка сила.

Како последица од насилното однесување се јавува чувство на несигурност и загрозеност, намалено самопочитување, страв од училиштето и избегнубвање да се оди во училиште, психосоматски симптоми.

# Систем на образование

## Структура и организација на системот на образование

Министерството за образование и наука (МОН) ги врши работите што се однесуваат на воспитанието и образованието од сите видови и степени. Во состав на МОН се: Педагошката служба, Бирото за развој на образованието, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и Државниот просветен инспекторат.

Бирото е орган на државната управа во состав на МОН кој врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Македонија.

Педагошката служба е орган на државната управа во состав на МОН, која за остварување на работите од својот делокруг е надлежна да:

- дава стручна помош на децата и на учениците кои имаат потреба од детски психолог преку одржување директни контакти или на друг начин, зависно од видот на проблемот;
- организира работилници и обуки за правилен развој на децата и учениците;
- предлага мерки и планови за промовирање на менталното здравје на децата и на учениците;
- учествува во советувањето на родители и да предлага мерки за надминување на појавените конфликти;
- до министерот предлага Програма за советување на родителите;
- дава стручно мислење за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, кога родителот е поканет на советување за такво однесување на ученикот;
- обезбеди присуство на свој вработен кога родителот, односно старателот на ученикот повеќе од двапати е повикан на советување;
- поднесува предлог за поведување на прекршочна постапка за родителите кои не се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство;

- промовира програми и мерки за развој на психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно-образовниот потенцијал на учениците;
- предлага програми и мерки за поквалитетен психолошки, социјален, културен и воспитно-образовен развој на учениците со посебни образовни потреби.

Основното образование се организира и остварува во основно училиште. Тоа може да се организира и во здравствени установи, социјални установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи. За учениците со посебни образовни потреби основното образование се организира во посебни основни училишта и во посебни паралелки при редовните основни училишта. Во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и приватно средно училиште. Средното образование се остварува преку планови и програми за: гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби. Во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување, не се дозволува организирање на верско образование и е забрането истакнување на партиски и верски обележја.

## Капацитети за превенција на насилно однесување и стручна работа со ученици

Образованието во Република Северна Македонија се остварува во 989 редовни основни училишта, 43 специјални основни училишта, 131 редовно средно училиште (од кои 2 средни верски училишта) и 4 специјални средни училишта.

Според Законот за основно образование, воспитно-образовната работа во основното училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи. Според Законот за средно образование, воспитно-образовната работа во средното образование ја остваруваат наставници, воспитувачи и стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог, социолог, лаборант, библиотекар и друго).

Заради недостигот на одредба во двата закони со која се предвидува задолжително вработување на овие стручни профили во секое основно или средно училиште, најголем дел од училиштата не работат со целосно екипиран тим од стручни соработници. Најчесто застапени профили се педагог и психолог. Многу мал број на социјални работници се вработени како стручни соработници во основните училишта, додека овој профил воопшто не е застапен во средните училишта поради тоа што не е предвиден со Законот за средно образование. Ова налага потреба од законски измени во делот на кадровска екипираност на стручните служби во училиштата и дополнување на одредбата за можни стручни соработници во средните училишта со профилот социјален работник.

Ваквата состојба ги намалува можностите на стручната служба за спроведување превентивни активности во работата со учениците, навремено интервенирање при појава на отстапувања во однесувањето кај учениците, следење и рано откривање на ученици во социјален ризик, како и мултидисциплинарен пристап во надминувањето на потешкотиите и проблемите на учениците. Воедно, иако се организираат одредени обуки за стручниот и наставниот кадар во рамките на законските обврски за професионално усовршување, постои потреба од реализација на специјализирани обуки од областа на: социјалната превенција на сите три нивоа (примарна, секундарна и терцијална), социјалните проблеми (вклучително и насилното однесување на децата) како и модалитетите на меѓуинституционална и мултисекторска соработка за справување со овие проблеми.

Исто така, законските одредби поврзани со стручно постапување во работа со ученици и родители, ја усмеруваат целокупната стручна работа претежно на примена на педагошки мерки, кои во основа немаат карактер на мерки за примарна превенција, туку на казнени мерки. Имено, во основните училишта, кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: укор, усна опомена, писмена опомена, намалување на поведението, преместување на ученикот во друга паралелка и преместување на ученикот во друго основно училиште, доколку има согласност од училиштето кое треба да го прифати ученикот. Ако училиштето не може да обезбеди преминување на ученикот во друго училиште за тоа одлучува комисија формирана од градоначалникот на општината. Во средните училишта, заради повреда на должностите и неисполнување на обврските за ученикот можат да се применат следните педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од јавното училиште. Педагошката мерка отстранување може да се изрече само за потешка повреда на должноста утврдена со статутот на училиштето.

Со учениците од основно или средно училиште чии родители/старатели се упатени на советување, психологот, односно педагогот реализира советување на ученикот, по завршување на советувањето на родители/старатели, согласно со Програмата за советување на ученици, која ја подготвува Педагошката служба.

За стручна работа со родител/старател на ученик во основно или средно училиште, се применува мерката упатување на советување, ако: ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети, ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци,  ученикот е недисциплиниран, ученикот го навреди наставникот, ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство, ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, ученикот се однесува неморално или неетички и во краток период на ученикот значително му опадне успехот. Советувањето се врши согласно Програма за советување на родители, која ја подготвува Педагошката служба.

Целокупниот процес на стручна работа со ученици и нивните родители/старатели преку советување е премногу формализиран, нефлексибилен и неиндивидуализиран на потребите и специфичностите на животната ситуација на секој ученик и неговото семејство. Во исто време, овој процес е ограничувачки и од аспект на стручните соработници кои во реализација на советувањето мораат да се придржуваат до законски предвидените обврски. Во основа, законската регулација на советувањето е премногу рестриктивна, пристапот, формата и содржината на стручната работа се несоодветни, поради што се намалуваат можностите за позитивни ефекти од советувањето. Имено, советување во група до 20 родители во точно определени временски термини е ограничувачки пристап на кој му недостасува индивидуализација. Вклучувањето на Педагошката служба во процесот заради давање стручно мислење е отежнувачка околност затоа што го пролонгира процесот на советување кој треба да се реализира брзо, квалитетно и ефикасно и затоа што подразбира инволвирање на надворешни лица кои не се во секојдневен контакт со детето и не го познаваат. Воедно, известувањето на ЦСР дури откако родител три пати по ред нема да се појави на советување, е задоцнета реакција која оневозможува навремена интервенција од страна на ЦСР. Во основа, специфицирањето на точно определени временски рокови, динамика на средби, како и број на настани/дејствија кои треба да се случат пред да се интервенира, непотребно ја квантифицира стручната работа која треба да биде континуирана, спонтана и водена од дискреционото право на стручниот соработник да делува кога самиот ќе процени дека има потреба или кога ученикот самиот ќе му се обрати за помош и поддршка.

Во основа, училиштата не спроведуваат континуирани превентивни активности за спречување на појава на социјални проблеми, меѓу кои и проблемот на насилно однесување во училишна средина. Ова делумно се должи и на отсуството на одредби поврзани со превентивни активности во училиштата во законите за основно и средно образование. Иако релевантните закони ги упатуваат образовните, социјалните и здравствените установи на меѓусебна соработка која е неопходна за реализација на

превентивни активности, не се изработуваат посебни превентивни програми, не се предвидуваат финансиски средства, ниту пак постојат протоколи за уредување на меѓусебната соработка (Борнарова, Богоевска, 2018).

## ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Од се што беше претходно кажано произлегува проблемот на истражувањето кој гласи:

**Дали постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување кај учениците од основно образование?**

Во врска со поставениот проблем, со истражувањето ќе биде испитано:

1. Дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување?

Испитувањето на разликите меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилство беше поттикнато од резултатите добиени од истражувањата спроведени во последната деценија. Досегашните истражувања покажаа дека во Црна Гора (Конференција за Училиште без насилство-кон сигурна и поттикнувачка средина за децата, Подгорица, 2011), како и во светот (Brentdt,1979, Brown, Clasen и Eicher,1986 според Lebedina-Mazoni,2005) одредени облици на насилство се поврзани со полот на детето. Така, момчињата се повеќе изложени на физичко насилство отколку девојчињата, а и самите во споредба со девојчињата почесто се и извршители на физичкото насилство. Кога е во прашање емоционалното насилство тоа се наоѓа на прво место како доживеано насилство како кај девојчињата така и кај момчињата. Врз основа на споменатото истражување, социјалната изолација претставува вид на насилство меѓу врсниците кој е почесто застапен кај девојчињата и како извршено и како доживеано

насилство. Оваа тенденција, кога е во прашање социјалната изолација како вид на социјално-емоционално насилство е констатирана и во други земји. Врз основа на резултатите од едно истражување кое е спроведено во четири основни училишта во Црна Гора во периодот март-јуни во учебната 2010/2011 година на примерок од 2249 ученици, се покажало исто така дека емоционалното насилство претставува најчест вид на насилство што децата го доживуваат и го манифестираат кон другите деца, без оглед на полот. Меѓутоа, се покажало дека во рамки на различни форми на емоционално насилство момчињата повеќе трпат навредување и нарекување со навредливи имиња отколку девојчињата, а и самите ги манифестираат почесто во споредба со девојчињата. Како и во претходното истражување (2006-2008 UNICEF, Министерство за образование и наука, ЦГ) на второ место е социјално-емоционалното насилство (и како доживеано и манифестирано). Според ова истражување во однос на социјално-емоционалното однесување девојчињата во споредба со момчињата почесто доживуваат и манифестираат социјална изолација, а момчињата почесто се изложени на уценување. Физичкото насилство и во ова истражување е на трето место и како доживеано и како извршено насилство меѓу врсниците, но е значајно почесто во групата на момчиња отколку во групата на девојчиња. Учениците од машки пол во поголем број манифестираат насилно однесување во споредба со ученичките од женски пол.

2. Дали постојат разлики меѓу учениците од различни одделенија во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување?

3. Дали постојат разлики меѓу учениците од различно место на живеење во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување?

Истражувањето има предиктивна цел.

## Варијабли

Варијабли во истражувањето се:

- **Насилно однесување на учениците**

Насилното однесување на учениците е бихевиорала варијабла. Оваа варијабла вклучува две димензии: **доживеано и манифестирано насилно однесување.**

***Доживеано насилно однесување***- се однесува на процената на ученикот дали е жртва на насилно однесување. Се смета дека ученикот е злоставуван кога еден ученик или повеќе ученици му зборуваат подли и наврдливи зборови, потполно го исклучуваат од својата група или намерно го занемаруваат, удираат со рака, со нога, го туркаат, гаѓаат или го заклучуваат ученикот во училница, лажат и шират гласини или настојуваат да ги одвратат другите ученици од него и ако прават други непријатни работи. Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на петстепена скала, на Прашалникот за испитување на насилно однесување на учениците (Olweus,1996), кој содржи 10 прашања. Поголем скор добиен на овој дел од прашалникот укажува дека ученикот бил изложен (доживеал) на поголем број насилни однесувања. Најнискиот скор што може да се добие изнесува 10, а највисокиот 50. Теорискиот среден скор изнесува 30.

***Манифестирано насилно однесување-*** се однесува на процената на тоа дали ученикот насилно се однесувал кон другите ученици. Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на петстепена скала, на Прашалникот за испитување на насилно однесување на учениците (Olweus,1996), кој се состои од 10 прашања. Поголем скор добиен на овој дел од прашалникот укажува дека ученикот манифестирал (направил) поголем број насилни однесувања. Најнискиот скор што може да се добие изнесува 10 а највисокиот 50. Теорискиот среден скор изнесува 30.

- **Пол на учениците**

Ова е организмена варијабла и се однесува на биолошката машкост или женскост. Полот е земен како варијабла во ова истражување за да се испита дали постојат разлики меѓу машките и женските испитаници во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување

- **Место на живеење на учениците**
- **Одделение**

## Примерок

Истражувањето с спроведено во 10 основни училишта во Скопје и ги опфаќа учениците од шесто до деветo одделение, во урбана и рурлана средина. Примерокот е пригоден, формиран од испитаниците кои се на располагање и кои се мотивирани да учествуваат во истражувањето.

## Постапка

Истражувањето е спроведено online, а пред почетокот на истражувањето учениците беа запознати со начинот на неговото спроведување.

## Инструменти

**Прашалник за испитување на насилното однесување на учениците**

Прашалникот за испитување на насилното однесување на учениците го конструирал Dan Olweus, професор по психологија на Универзитетот во Берген, во 1996 година. Авторот го разработил наведениот прашалник во рамки на националната кампања против насилство. Инструментот овозможува да се согледа колку ученици во училиштето доживеале насилство и колку ученици биле жртви на насилство, како и за ставовите и уверувањата поврзани со насилството. Самопроцената на доживеаното насилство е независна од самопроцената на изложеност на насилство (се даваат одвоени одговори).

Прашалникот содржи 38 прашања, и истиот е наменет за групно задавање и анонимно пополнување. На почетокот во прашалникот е дадена детална дефиниција за насилството и прецизирано е дека истиот се однесува на училишна средина.

Насилството во овој прашалник Olweus го дефинира на следниот начин (Olweus, 1996): „Велиме дека ученикот е злоставуван кога друг ученик или повеќе ученици:

- зборуваат неубави и навредливи работи или гласно озборуваат или даваат неубави и навредливи имиња;
- потполно го игнорираат и го исклучуваат од својата пријателска група или намерно му земаат некои работи;
- го удираат, туркаат, гаѓаат или му се закануваат;
- лажат и шират гласини за него или испраќаат неубави пораки и настојуваат да направат другите деца да не го сакаат;
- прават други слични непријатни работи.

Овие настани можат да се случуваат често и на ученикот му е тешко да се одбрани. За насилство се зборува и кога ученикот постојано го задиркуваат на лош и болен начин. Но, не го нарекуваме насилство пријателското задиркање за време на играта. Исто така, не претставува насилство доколку два ученика со приближно еднакви сили се расправаат или тепаат. Во

прашалникот потоа е прецизирано дека одговорите на учениците треба да се однесуваат на случувањата во училиштето во последните месеци. Учениците, прво треба да дадат две глобални самопроцени: колку самите биле жртви (доживеано насилство) и колку често тие биле насилници (манифестирано насилство). Потоа, учениците одговараат на 10 специфични прашања кои се однесуваат на нивната евентуална изложеност на конкретни видови на насилство (вербално, физичко, индиректно, на расна основа). Учениците одговараат и на 10 специфични прашања кои се однесуваат на тоа колку тие биле извршители на насилство. Прашалникот содржи и прашања за тоа каде се случило насилството, за ставовите кон насилникот и кон жртвата, и за тоа колку учителите, врсниците и родителите се информирани за злоставувањето и како реагираат (Olweus, 1996).

Прашалникот содржи два дела. Првиот дел од прашалникот е наменет за испитување фреквенцијата на ***доживеаното насилно однесување од страна на другите ученици,*** додека вториот дел се однесува на фреквенцијата на ***манифестирањето на насилно однесување над другите ученици.*** Прашалникот се потполнува со ставање знак X за да се означи зачестеноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување. Всушност, прашалникот претставува чек-листа на која учениците даваат детален опис на однесувањето. За потребите на ова истражување направивме обработка и анализа на одговорите кои се однесуваат на доживеаното како и на одговорите за манифестираното насилно однесување. Двете самопроцени имаат 10 прашања.

Покрај тврдењата кои се однесуваат на жртвите од насилство и на насилникот, прашалникот содржи прашања за реакциите на другите на насилство, потоа како го доживуваат учениците, односно за реакциите на наставниците и родителите. Иако учениците одговараа на сите прашања, за потребите на ова истражување не беа обработени одговорите кои се однесуваат на реакциите на возрасните на насилство, потоа како го доживуваат учениците насилството, односно како реагираат наставниците и родителите.

Прашалникот се потполнува анонимно, а непотполните, неконзистентните и бесмислено потполнетите прашалници се исклучени од обработката. Главната цел на прашалникот е да се добијат информации за проблемот насилник/жртва.

На прашањата, испитаникот има можност да избере еден од понудените одговори. Најнискиот скор укажува на негативните чувства на ученикот кон училиштето *(воопшто не ми се допаѓа во училиште)*, а највисокиот скор ги опишува позитините чувства во врска со училиштето (*многу ми се допаѓа во училиште*).

Сите прашања не се со ист број на понудени степени (некои имаат 4 алтернативи, некои 5,6 па и повеќе ).

Olweus (според Elez, 2003 година) наведеува дека сигурноста на скалата за доживеано насилство изнесува Ckronbach=0.786, а на скалата за извршено насилство Chronbach =0.855. Во нашето истражување сигурноста на скалата за доживеано насилство изнесува Cronbach alpha = 0.81, а на скалата за манифестирано насилство Crhonbach alpha=0,68.

Статистичка обработка на податоците

Истражувањето е спроведено со емпириска неекспериментална метода во која учениците го проценуваа доживеаното насилство од страна на други ученици и манифестираното насилство кон други ученици, интеракцијата во семејството и самопочитувањето.

Проблемот на истражување е проверен со квантитативна методологија, а статистичката обработка на податоците ќе биде направена со компјутерска обработка со примена на SPSS програмата и соодветните статистички постапки за пресметување на:

- Аритметичките средини и стандардните девијации
- Корелации –линеарна корелација
- Значајност на разлики на аритметичките средини

# Резултати

Во овој дел од трудот ќе бидат прикажани резултатите кои се однесуваат на прашањата дефинирани во хипотезите и подхипотезите, поточно добиените резултати кои се однесуваат на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување и самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Направена е статистичка обработка, пресметани се и графички се прикажани вредностите на параметрите кои се значајни за ова истражување.

Почетните очекувања беа дека корелациската анализа ќе покаже позитивна поврзаност меѓу варијаблите кои се предмет на истражување.

За појасно презентирање на резултатите и статистичка анализа на податоците добиени од истражувањето, релевантни за изведување заклучоци во врска со истражувачките хипотези, ќе бидат дадени табеларни прикази на добиените резултати.

Примерокот во ова истражување го сочинуваат 2219 ученици од 12 основни училишта во Скопје, од кои 1041 (46,9%) се од женски пол и 1178 (53,1%) се од машки пол, при што при избирање на примерокот се водеше сметка истиот да биде од различни општини со дел да се утврдат евентуалните разлики помеѓу учениците од различни средини.

Табела 1. Табеларен приказ на учениците по училишта

| **Училиште** | **Вкупен број на ученици** | **Процент** |
|---|---|---|
| **ОУ Лазо Ангеловски** | 178 | 8,02 |
| **ОУ Петар Здравковски Пенко** | 177 | 7,97 |
| **ОУ Коле Неделковски** | 158 | 7,12 |
| **ОУ Браќа Миладиновци** | 164 | 7,39 |
| **ОУ Живко Брајковски** | 278 | 12,52 |
| **ОУ Рајко Жинзифов** | 145 | 6,53 |

| | | |
|---|---|---|
| **ОУ Јан Амос Коменски** | 174 | 7,84 |
| **ОУ Страшо Пинџур** | 197 | 8,74 |
| **ОУ Гоце Делчев** | 193 | 8,69 |
| **ОУ Ѓорче Петров** | 181 | 8,15 |
| **ОУ Стив Наумов** | 189 | 8,51 |
| **ОУ Кирил и Методиј** | 185 | 8,33 |
| **Вкупно** | 2219 | 100,00 |




Графикон 1. Графички приказ на структурата на примерокот по училишта

Пред да одговориме на главните проблеми во ова истражување, ќе ги прикажеме наодите од дескриптивната статистика за сите варијабли што беа вклучени во спроведеното истражување: доживеаното насилно однесување, манифестираното насилно однесување, процената на самопочитувањето

(себедоживување и доживување од другите). Резултатите за целиот примерок, во однос на наведените варијабли, се прикажани во Табела 2.

**Табела 2. Корелација на резултатите за поврзаноста на сите видови на насилството (жртва/ извршител)**

| | | Видови насилство кај децата кои се жртви на насилство | | | | Видови насилство кај децата кои се извршители на насилство | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Емоционално** | **Физичко** | **Сексуално** | **Занемарување** | **Емоционално** | **Физичко** | **Сексуално** | **Занемарување** |
| **доживеано насилство** | **Емоционално** | 1 | **.801**** | **.189*** | **.626**** | **.599**** | **.580**** | **.237**** | **.325**** |
| | **Физичко** | | 1 | **.312**** | **.730**** | **.486**** | **.556**** | **.420**** | **.404**** |
| | **Сексуално** | | | 1 | **.452**** | **.219**** | **.273**** | **.432**** | **.063** |
| | **Занемарување** | | | | 1 | **.394**** | **.497**** | **.534**** | **.297**** |
| **Манифестирано насилство** | **Емоционално** | | | | | 1 | **.846**** | **.336**** | **.696**** |
| | **Физичко** | | | | | | 1 | **.502**** | **.728**** |
| | **Сексуално** | | | | | | | 1 | **.615**** |
| | **Занемарување** | | | | | | | | 1 |

Во рамките на оваа хипотеза, со помош на Пирсонов коефициент на корелација е тестирана и поврзаноста на сите видови на насилство (жртва/извршител) помеѓу себе (Табела 1). Така, утврдено е дека кога децата се жртви на насилство, постои статистичка поврзаност на емоционалното насилство со сите други видови на насилство и тоа со физичкото ($p<.01$, $r=.801$), со сексуалното ($p<.05$, $r=.189$) и со занемарувањето ($p<.01$, $r=.626$). Исто така, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на

емоционално насилство, со извршувањето на насилство, и тоа со емоционалното (p<.01, r=.599), со физичкото (p<.01, r=.580), со сексуалното (p<.01, r=.237) и со занемарувањето (p<.01, r=.325).

Резултатите во Табела 1 говорат и за статистички значајна поврзаност помеѓу физичкото насилство, во случаите кога децата се жртви на насилство со сите останати видови на насилство, и тоа со емоционалното насилство (p<.01, r=.801), со сексуалното (p<.01, r=.312) и со занемарувањето (p<.01, r=.730). Освен тоа, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на физичко насилство, со извршувањето на насилство, и тоа, со емоционалното насилство (p<.01, r=.486), со физичкото (p<.01, r=.556), со сексуалното (p<.01, r=.420) и со занемарувањето (p<.01, r=.404).

Исто така, постои статистички значајна поврзаност помеѓу сексуалното насилство на децата жртви со другите видови на насилство, и тоа со емоционалното (p<.05, r=.189), со физичкото (p<.01, r=.312) и со занемарувањето (p<.01, r=.452). Освен ова, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на сексуално насилство, со извршувањето на насилство, и тоа со емоционалното (p<.01, r=.219), со физичкото (p<.01, r=.273) и со сексуалното (p<.01, r=.432).

Кога станува збор за занемарувањето кое го доживеале децата, повторно резултатите ни говорат за статистички значајна позитивна поврзаност со останатите видови на насилство, и тоа со (p<.01, r=.626), со физичкото (p<.01, r=.730) и со сексуалното (p<.01, r=.452). Исто така, утврдена е значајна поврзаност на децата кои се жртви на занемарување, со извршувањето на насилство, и тоа со емоционалното (p<.01 (r=.394), со физичкото (p<.01, r=.497), со сексуалното (p<.01, r=.534) и со занемарувањето (p<.01, r=.297).

Што се однесува пак до податоците кога децата се јавуваат како извршители на насилството, повторно постои поврзаност помеѓу видовите на насилство, и тоа на емционалното насилство со емоционалното, кога децата се жртви (p<.01, r=.599), со физичкото (p<.01, r=.486), со сексуалното насилство (p<.01, r=.273) и со занемарувањето (p<.01, r=.394). Исто така, постои значајна поврзаност помеѓу извршувањето на емоционално

насилство, со извршување на останатите видови насилство, и тоа со физичкото ($p<.01$, $r=.846$), со сексуалното ($p<.01$, $r=.336$) и со занемарувањето ($p<.01$, $r=.696$).

Исто така, кога децата се јавуваат како извршители на насилство, постои статистички значајна поврзаност на физчкото насилство со емоционалното насилство, кога децата се жртви ($p<.01$, $r=.580$), со физичкото ($p<.01$, $r=.556$), со сексуалното ($p<.01$, $r=.273$) и со занемарувањето ($p<.01$, $r=.497$). Извршувањето на физичкото насилство е поврзано со извршувањето и на останатите видови насилство, и тоа со емоционалното ($p<.01$, $r=.846$), со сексуалното ($p<.01$, $r=.502$) и со занемарувањето ($p<.01$, $r=.728$).

Исто така, забележана е статистички значајна поврзаност помеѓу сексуалното насилство, кога децата се извршители, со децата жртви на емоционалното насилство ($p<.01$, $r=.237$), на физичкото насилство ($p<.01$, $r=.420$), на сексуалното насилство ($p<.01$, $r=.432$) и на занемарувањето ($p<.01$, $r=.534$). Извршувањето на сексуалното насилство е повразано и со извршување на емоционално насилство ($p<.01$, $r=.336$) и физчкото насилство ($p<.01$, $r=.502$).

Кога станува збор за децата кои вршат занемарување, забележлива е повторно статистички значајна поврзаност со останатите видови на насилство, и тоа кога децата се жртви, со емоционалното насилство ($p<.01$, $r=.325$), со физичкото насилство ($p<.01$, $r=.404$) и со занемарувањето ($p<.01$, $r=.297$). Извршувањето на занемарување е поврзано и со извршување на емоционално насилство ($p<.01$, $r=.696$), физичко насилство ($p<.01$, $r=.728$) и сексуално насилство ($p<.01$, $r=.615$).

**Табела 3: Дескриптивни вредности за насилствотото**

| | варијабли | M | SD | теориски скорови Min | Max | теориски среден скор | Min емпи-риски | Max емпи-риски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Насилство** | доживеано | 14,27 | 4,04 | 10 | 50 | 30 | 10,00 | 30,00 |
| | манифестирано | 18,17 | 4,51 | 10 | 50 | 30 | 10,00 | 32,00 |

**А) Дескриптивни показатели кои се однесуваат на насилството**

Врз основа на просечните вредности кои се однесуваат на **насилството** се забележува дека просечната вредност за ***доживеаното насилно однесување*** изнесува M=14,27, (SD=4,04) и истата е помала од теориската средна вредност која изнесува 30, што наведува на заклучок дека испитаната група не била изложена на насилство (Табела 4). Тоа зборува дека испитаниците во ова испитување проценуваат дека во мала мера се изложени на доживување насилство од типот на зборување со навредливи зборови, потсмевање, исклучување од кругот на пријатели, удирање или извршување на други непријатни дејствија.

Се забележува дека просечната вредност за ***манифестираното насилно однесување*** изнесува M=18,17 (SD=4,51) и истата е помала од теориската средна вредност која изнесува 30, што наведува на заклучок дека испитаната група себе си се доживува дека не била предизвикувач на насилство (Табела 4). Тоа зборува дека испитаниците во истражувањето проценуваат дека во мала мера манифестираат насилство.

Ако се споредат просечните вредности за доживеаното (M=14,27) и манифестиранното насилно однесување (M=18,17), се забележува дека испитаните осмооделенци повеќе манифестираат а помалку доживуваат насилно однесување.

За утврдување на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно користен е Пирсонов коефициент на корелација, на податоци кои претходно математички се трансформирани бидејќи не е задоволен условот за нормална дистрибуираност на сировите скорови (Табела 4).

**Табела 4:Матрица на интеркорелации меѓу доживеаното и манифестираното насилство**

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| **1.Доживеано насилство** | 1,00 | | | |
| **2.Манифестирано насилство** | **0,618**** | 1,00 | | |

** **значајност на корелација на ниво 0,01**

**Критична вредност за p (0,05) 0,159**
**Критична вредност за p (0,01) 0,208**

Меѓу **доживеаното и манифестираното насилно однесување** постои статистички значајна позитивна поврзаност ($r=0,618$, $p<0,01$), (Табела 4). Гледаме дека доколку учениците доживеале насилство, тие се исто така подготвени такви форми на однесување да изразат кон своите другари од училиштето и обратно.

Добиените резултати прикажани во Табела 5 укажуваат на постоење разлики меѓу момчињата и девојчињата во манифестираното насилно однесување (Mann-Whitney $z=-3,53$, $p<0,05$). Момчињата наспроти девојчињата покажуваат поголема подготвеност за насилно однесување кон другите ученици, за применување на погрдни имиња или за исклучување на други ученици од својот круг на пријатели. Вака утврдената разлика може да се должи на процесот на социјализација низ кој на различен начин поминуваат момчињата и девојчињата во нашето општество.

За жал агресивното однесување на момчињата често се поткрепува, додека истото однесување кај девојчињата остро се критикува, се толкува како несоодветно и се потиснува. Помалата можност да одговораат за своето

агресивно однесување може да влијае на зголемувањето на агресивноста кај момчињата (Mann-Whitney z=-3,53, p<0,05).

**Табела 5: Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување**

| насилство | M | | Сума од рангови | | Mann-Whitney Z | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | | |
| **Манифестирано насилство** | 89,84 | 72,42 | 5908,50 | 4244,50 | -3,53 | 0,01 |
| **Доживеано насилство** | 85,84 | 76,77 | 5612,50 | 4540,50 | -2,33 | 0,18 |

Најголем број од момчињата изјавуваат дека се жртви на емоционално насилство (M=4.8), и дека во најголема мерка (M=3.9) го извршуваат истото. Девојчињата пак, исто како и момчињата најчесто се жртви на емоционално насилство (M=4.4), и истото најчесто го извршуваат (M=1.6). Не смее да се занемари податокот дека момчињата, иако споредбено со останатите видови на насилство е во многу помала мера, но сепак биле жртви на сексуално насилство (M=1.3) како и девјчињата (M=0.9). Освен како жртви, и момчињата и девојчињата се јавуваат и како извршители на сексуалното насилство, и тоа момчињата за три пати почесто од девојчињата.

Од Табела 6, со помош на t-тестот за утврдување на разлики помеѓу групите, може да се заклучи дека постојат статистички значајна разлики помеѓу машките и женските деца во во однос на занемарувањето кога децата се жртви на насилство ($t(145) = 2.14$, $p<.05$). Кога децата се јавуваат како извршители на насилството, постојат значајни разлики помеѓу децата од

машки и женски пол во однос на емоционалното насилство ($t(145) = 5.29$, $p<.01$), физичкото насилство ($t(145) = 5.19$, $p<.01$), сексуалното насилство ($t(145) = 2.20$, $p<.05$) и занемарувањето ($t(145) = 3.74$, $p<.01$). Сите разлики се во прилог на припадниците на машкиот пол, односно машките деца почесто се жртви на насилство (занемарување), но и почесто го извршуваат истото.

**Табела 7. Корелација на резултатите за варијаблата пол со видот на насилството (жртва/ извршител)**

| | Вид на насилство | Пол | M | σ | T | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **доживеано насилство** | **Емоционално насилство** | Машки | 4.80 | 2.60 | .80 | >.05 |
| | | Женски | 4.41 | 2.73 | | |
| | **Физичко насилство** | Машки | 4.67 | 3.67 | 1.43 | >.05 |
| | | Женски | 3.70 | 4.01 | | |
| | **Сексуално насилство** | Машки | 1.34 | 2.33 | 1.36 | >.05 |
| | | Женски | .86 | 1.75 | | |
| | **Занемарување** | Машки | 2.83 | 2.26 | **2.14** | **<.05** |
| | | Женски | 1.84 | 2.66 | | |
| **Манифестиран о насилство** | **Емоционално насилство** | Машки | 3.90 | 3.16 | **5.29** | **<.01** |
| | | Женски | 1.59 | 2.00 | | |
| | **Физичко насилство** | Машки | 3.81 | 4.10 | **5.19** | **<.01** |
| | | Женски | 1.36 | 1.55 | | |
| | **Сексуално насилство** | Машки | .57 | 1.58 | **2.20** | **<.05** |
| | | Женски | .18 | .54 | | |
| | **Занемарување** | Машки | 1.30 | 1.89 | **3.74** | **<.01** |
| | | Женски | .45 | .84 | | |

Со цел да се направи детална анализа на резултатите во ова истражување, истите ќе бидат поделени на три дела, во согласност со целните групи во истражувањето. Првата група на резултати се однесуваат на исказите добиени од страна на децата, втората група на резултати се однесуваат на исказите добиени од страна на вработените во училиштата, третата се однесува на квалитативната анализа од фокусните групи.

→ ***Резултати поврзани со првата група (ученици во основни училишта)***

Во делот кој следува ќе бидат презентирани одговорите на учениците во однос на Олвејсовиот прашалник.

Во однос на прашањето Како ти се допаѓа во училиште? Може да забележиме дека голем е процентот (над 85%) на оние ученици на кои им се допаѓа во училиште што според голем број на автори е еден од индикаторите за постоење/непостоење на насилство (табела 8).

Табела 8. Како ти се допаѓа во училиште?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **N** | **%** | **n** | **%** | **n** | **%** |
| Воопшто не ми се допаѓа во училиштето | 17 | 1.6% | 25 | 2.1% | 42 | 1.9% |
| Не ми се допаѓа во училиште | 16 | 1.5% | 25 | 2.1% | 41 | 1.9% |
| Нити ми се допаѓа, ниту не ми се допаѓа | 69 | 6.6% | 119 | 10.1% | 188 | 8.5% |
| Ми се допаѓа во училиште | 473 | 45.6% | 547 | 46.6% | 1,020 | 46.1 % |
| Многу ми се допаѓа во училиште | 463 | 44.6% | 458 | 39.0% | 921 | 41.6% |
| **Вкупно** | 1,038 | 100.0 % | 1,174 | 100.0 % | 2,212 | 100.0 % |

Во однос на прашањето колку блиски пријатели имаш во твоето одделение може да се забележи дека речиси 2% од учениците немаат ниту еден блисок пријател во одделението, а над 80% имаат повеќе од двајца блиски пријатели во одделението (табела 9).

Табела 9. Колку блиски пријатели имаш во твоето одделение?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **n** | **%** | **n** | **%** | **n** | **%** |
| Немам | 21 | 2.0% | 21 | 1.8% | 42 | 1.9% |
| Имам 1 близок пријател во одделението | 36 | 3.5% | 28 | 2.4% | 64 | 2.9% |
| Имам 2-3 блиски пријатели во одделението | 153 | 14.8% | 148 | 12.6% | 301 | 13.6% |
| Имам 4-6 блиски пријатели во одделението | 220 | 21.2% | 235 | 20.1% | 455 | 20.6% |
| Имам 6 или повеќе блиски пријатели во одделението | 606 | 58.5 % | 739 | 63.1% | 1,345 | 60.9% |
| **Вкупно** | 1,036 | 100.0 % | 1,171 | 100.0 % | 2,207 | 100.0 % |

Табелите и прашањата кои следуваат се однесуваат на зачестеноста на насилството, откако претходно им е дефинирано на учениците што ќе се подразбира под насилно однесување.

На прашањето Колку пати во последните неколку месеци е извршено насилство врз тебе во училиштето? Се добиени резултати кои покажуваар дека 76% од учениците не доживеале насилство во училипте, но дека 24% биле изложени на насилство во училиштата и тоа, 5,1% намалку еднаш во неделата.

Табела 10. Колку пати во последните неколку месеци е извршено насилство врз тебе во училиштето?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **n** | **%** | **n** | **%** | **n** | **%** |
| Не е извршено насилство врз мене во последните неколку месеци | 796 | 78.0% | 854 | 74.2% | 1,650 | 76.0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се случило еднаш или два пати | 151 | 14.8% | 181 | 15.7% | 332 | 15.3% |
| 2-3 пати месечно | 27 | 2.6% | 50 | 4.3% | 77 | 3.5% |
| еднаш неделно | 18 | 1.8% | 33 | 2.9% | 51 | 2.3% |
| неколку пати неделно | 28 | 2.7% | 33 | 2.9% | 61 | 2.8% |
| **Вкупно** | 1,020 | 100.0% | 1,151 | 100.0% | 2,171 | 100.0% |

Во табелите кои следуваат ќе биде анализирано насилството според видовите на насилно однесување.

Така, во однос на констатацијата Ме нарекуваа со погрдни имиња, ми се смееа или ме закачаа на навредлив начин евидентно е дека 33% од испитанците доживеале ваков вид на насилно однесување.

Табела 11. Ме нарекуваа со погрдни имиња, ми се смееа или ме закачаа на навредлив начин

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **n** | **%** | **n** | **%** | **n** | **%** |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 714 | 69.8% | 750 | 65.1% | 1,464 | 67.3% |
| Се случило 1-2 пати | 220 | 21.5% | 264 | 22.9% | 484 | 22.3% |
| 2-3 пати месечно | 34 | 3.3% | 63 | 5.5% | 97 | 4.5% |
| еднаш неделно | 23 | 2.2% | 36 | 3.1% | 59 | 2.7% |
| неколку пати неделно | 32 | 3.1% | 39 | 3.4% | 71 | 3.3% |
| **Вкупно** | 1,023 | 100.0% | 1,152 | 100.0% | 2,175 | 100.0% |

На констатацијата Другите ученици намерно ме занемаруваа и исклучуваа од својот круг на пријатели забележани е дека е помал процентот во однос на претходното прашање, но сепак, 23% се оние ученици на кои им се случило вакво нешто.

Табела 12. Другите ученици намерно ме занемаруваа и исклучуваа од својот круг на пријатели

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 778 | 76.7% | 890 | 78.9% | 1,668 | 77.8% |
| Се случило 1-2 пати | 168 | 16.6% | 146 | 12.9% | 314 | 14.7% |
| 2-3 пати месечно | 29 | 2.9% | 47 | 4.2% | 76 | 3.5% |
| еднаш неделно | 17 | 1.7% | 18 | 1.6% | 35 | 1.6% |
| неколку пати неделно | 23 | 2.3% | 27 | 2.4% | 50 | 2.3% |
| **Вкупно** | 1,015 | 100.0% | 1,128 | 100.0% | 2,143 | 100.0% |

Едно од прашањата во Олвејсовиот инвентрар е констатацијата - Ме удираа, ме удираа со нозе, ме туркаа, ме гаѓаа или заклучуваа во просторија, и тука станува збор за 2,1 % на деца на кои ова им е секојдневие.

Табела 13. Ме удираа, ме удираа со нозе, ме туркаа, ме гаѓаа или заклучуваа во просторија

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 878 | 86.7% | 891 | 78.4% | 1,769 | 82.3% |
| Се случило 1-2 пати | 95 | 9.4% | 154 | 13.6% | 249 | 11.6% |
| 2-3 пати месечно | 15 | 1.5% | 43 | 3.8% | 58 | 2.7% |
| еднаш неделно | 8 | 0.8% | 19 | 1.7% | 27 | 1.3% |
| неколку пати неделно | 17 | 1.7% | 29 | 2.6% | 46 | 2.1% |
| **Вкупно** | 1,013 | 100.0% | 1,136 | 100.0% | 2,149 | 100.0% |

Ширењето на гласини, е еден вид на насилство кое за жал се случува во 26% кај учениците, иако за многумина не е перцеприано како насилно однесување. Во прилог се одговорите на учениците на констатацијата - Учениците (ученичките) лажеа, или ширеа лажни гласини за мене и се обидуваа да ги одвратат другите ученици (ученички) од мене.

Табела 14. Учениците (ученичките) лажеа, или ширеа лажни гласини за мене и се обидуваа да ги одвратат другите ученици (ученички) од мене

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 742 | 73.4% | 861 | 75.1% | 1,603 | 74.3% |
| Се случило 1-2 пати | 189 | 18.7% | 194 | 16.9% | 383 | 17.7% |
| 2-3 пати месечно | 42 | 4.2% | 53 | 4.6% | 95 | 4.4% |
| еднаш неделно | 13 | 1.3% | 12 | 1.0% | 25 | 1.2% |
| неколку пати неделно | 25 | 2.5% | 27 | 2.4% | 52 | 2.4% |
| **Вкупно** | 1,011 | 100.0% | 1,147 | 100.0% | 2,158 | 100.0% |

Во однос на констатацијата - Ми земаа пари или други работи, па ги уништуваа – 15% од учениците во последните месеци биле изложени на овој вид на насилно однесување.

Табела 15. Ми земаа пари или други работи, па ги уништуваа

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | n | N | % | n |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 865 | 85.4% | 957 | 865 | 85.4% | 957 |
| Се случило 1-2 пати | 112 | 11.1% | 128 | 112 | 11.1% | 128 |
| 2-3 пати месечно | 15 | 1.5% | 24 | 15 | 1.5% | 24 |
| еднаш неделно | 8 | 0.8% | 10 | 8 | 0.8% | 10 |
| неколку пати неделно | 13 | 1.3% | 10 | 13 | 1.3% | 10 |
| **Вкупно** | 1,013 | 100.0% | 1,129 | 1,013 | 100.0% | 1,129 |

Еден од помалите % на насилство се однесува на заканата за извршување на одредени работи, односно 13% одговориле потврдно на констатацијата - Ми се закануваа или ме принудуваа да го правам она што не сакав да го правам.

Табела 16. Ми се заканувaa или ме принудувaa да го правам она што не сакав да го правам.

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 892 | 89.1% | 961 | 85.6% | 1,853 | 87.2% |
| Се случило 1-2 пати | 69 | 6.9% | 105 | 9.3% | 174 | 8.2% |
| 2-3 пати месечно | 17 | 1.7% | 30 | 2.7% | 47 | 2.2% |
| еднаш неделно | 9 | 0.9% | 4 | 0.4% | 13 | 0.6% |
| неколку пати неделно | 14 | 1.4% | 23 | 2.0% | 37 | 1.7% |
| **Вкупно** | 1,001 | 100.0% | 1,123 | 100.0% | 2,124 | 100.0% |

Како и на претходните прашања, процентот на оние ученици кои биле изложени на нарекување со погрдни зборови поради потеклото е 15%.

Табела 17. Ме нарекувaa со погрдни имиња и го коментирaa моето потекло

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 867 | 86.7% | 958 | 85.1% | 1,825 | 85.8% |
| Се случило 1-2 пати | 85 | 8.5% | 95 | 8.4% | 180 | 8.5% |
| 2-3 пати месечно | 19 | 1.9% | 25 | 2.2% | 44 | 2.1% |
| еднаш неделно | 11 | 1.1% | 15 | 1.3% | 26 | 1.2% |
| неколку пати неделно | 18 | 1.8% | 33 | 2.9% | 51 | 2.4% |
| **Вкупно** | 1,000 | 100.0% | 1,126 | 100.0% | 2,126 | 100.0% |

Од табела 18 може да се види дека процентот на оние ученици кои биле нарекувани со погрдни имиња, и на кои им биле коментирани или покажувани гестови со сексуално значење барем еднаш е 16%.

Табела 18. Ме нарекувaa со погрдни имиња, коментирaa или покажувaa

гестови со сексуално значење.

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 852 | 85.2% | 929 | 83.5% | 1,781 | 84.3% |
| Се случило 1-2 пати | 100 | 10.0% | 107 | 9.6% | 207 | 9.8% |
| 2-3 пати месечно | 16 | 1.6% | 31 | 2.8% | 47 | 2.2% |
| еднаш неделно | 12 | 1.2% | 25 | 2.2% | 37 | 1.8% |
| неколку пати неделно | 20 | 2.0% | 21 | 1.9% | 41 | 1.9% |
| **Вкупно** | 1,000 | 100.0% | 1,113 | 100.0% | 2,113 | 100.0% |

15% од учениците биле изложени на друг начин на насилно однесување, каде најголем процент го издвоија сајбер насилството како понив вид на насилно однесување.

Табела 19. Над мене е извршено насилство на некој друг начин

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 854 | 86.6% | 913 | 84.1% | 1,767 | 85.3% |
| Се случило 1-2 пати | 84 | 8.5% | 111 | 10.2% | 195 | 9.4% |
| 2-3 пати месечно | 23 | 2.3% | 30 | 2.8% | 53 | 2.6% |
| еднаш неделно | 9 | 0.9% | 12 | 1.1% | 21 | 1.0% |
| неколку пати неделно | 16 | 1.6% | 20 | 1.8% | 36 | 1.7% |
| **Вкупно** | 986 | 100.0% | 1,086 | 100.0% | 2,072 | 100.0% |

Најголем процент од учениците (44%) биле изложени на насилно однесување од страна на нивни врсник од одделението.

Табела 20. Во кое одделение (одделенија) се наоѓа ученикот или учениците кои кон тебе се однесуваа насилно?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Во моето одделение | 71 | 48.6% | 80 | 41.0% | 151 | 44.3% |
| Во друго одделение (од истата година) | 28 | 19.2% | 46 | 23.6% | 74 | 21.7% |
| Во повисоките одделенија | 20 | 13.7% | 37 | 19.0% | 57 | 16.7% |
| Во пониските одделенија | 6 | 4.1% | 5 | 2.6% | 11 | 3.2% |
| Во различни повисоки одделенија | 21 | 14.4% | 27 | 14.1% | 48 | 14.1% |
| **Вкупно** | 146 | 100.0% | 195 | 100.0% | 341 | 100.0% |

Кога станува збор за тоа кој го извршил насилството, во најголем процент (33%), тоа се повеќе ученици од машки пол, или во 27% еден ученик од машки пол, што сепак говори за податокот кој се провлекува низ историјата – дека машките во поголема мера се извршители на насилство.

Табела 21. Дали кон тебе бил насилен некој ученик (ученици) или ученичка (ученички)?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| главно една ученичка | 28 | 17.7% | 4 | 2.1% | 32 | 9.1% |
| повеќе ученички | 15 | 9.5% | 12 | 6.2% | 27 | 7.7% |
| главно еден ученик | 35 | 22.2% | 61 | 31.4% | 96 | 27.3% |
| повеќе ученици | 39 | 24.7% | 80 | 41.2% | 119 | 33.8% |
| и ученици и ученички | 41 | 25.9% | 37 | 19.1% | 78 | 22.2% |
| **Вкупно** | 158 | 100.0% | 194 | 100.0% | 352 | 100.0% |

Кога станува збор за групата или поединецот кој бил/е извршител на насилството, најчесто врз ученичките тоа е еден ученик, а врз учениците,

група од 2-3 ученика.

Табела 22. Колку ученици (ученички) кон тебе се однесувале насилно?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| главно еден ученик | 62 | 39.7% | 63 | 33.0% | 125 | 36.0% |
| група од 2-3 ученика (ученички) | 58 | 37.2% | 80 | 41.9% | 138 | 39.8% |
| група од 4-9 ученици (ученички) | 15 | 9.6% | 21 | 11.0% | 36 | 10.4% |
| група од повеќе од 10 ученици (ученички) | 4 | 2.6% | 6 | 3.1% | 10 | 2.9% |
| неколку ученици и ученички или неколку групи на ученици и ученички | 17 | 10.9% | 21 | 11.0% | 38 | 11.0% |
| **Вкупно** | 156 | 100.0% | 191 | 100.0% | 347 | 100.0% |

Фрапантен е податокот дека 27% од учениците веќе неколку години константно се изложени на насилство, и тоа 34% од ученичките, и 23% од учениците.

Табела 23. Колку долго траело или сеуште трае насилството?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| траеше 1 или 2 недели | 19 | 31.1% | 27 | 28.1% | 46 | 29.3% |
| траеше отприлика еден месец | 10 | 16.4% | 22 | 22.9% | 32 | 20.4% |
| трае веќе 6 месеци | 7 | 11.5% | 14 | 14.6% | 21 | 13.4% |
| трае веќе една година | 4 | 6.6% | 11 | 11.5% | 15 | 9.6% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| тоа се случува веќе неколку години | 21 | 34.4% | 22 | 22.9% | 43 | 27.4% |
| **Вкупно** | 61 | 100.0% | 96 | 100.0% | 157 | 100.0% |

Од податоците во табела 18 може да се забалежи дека најголем процент од насилството се случува на игралиште/ спортски терен за време на одморите и врз момчињата и врз девојчињата.

Табела 24. Каде е извршено насилство врз тебе?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| на игралиште или спортски терен(за време на малиот или големиот одмор) | 96 | 42.9% | 144 | 48.5% | 240 | 46.1% |
| на училишните скали | 56 | 25.0% | 73 | 24.6% | 129 | 24.8% |
| во училна (додека е присутен наставникот) | 55 | 24.6% | 74 | 24.9% | 129 | 24.8% |
| во училна (додека е отсутен наставникот) | 46 | 20.5% | 60 | 20.2% | 106 | 20.3% |
| Тоалет | 23 | 10.3% | 22 | 7.4% | 45 | 8.6% |
| во фискултурната сала | 35 | 15.6% | 56 | 18.9% | 91 | 17.5% |
| Аула | 23 | 10.3% | 17 | 5.7% | 40 | 7.7% |
| На пат кон училиште | 49 | 21.9% | 80 | 26.9% | 129 | 24.8% |
| Абтобуска станица | 13 | 5.8% | 8 | 4.7% | 27 | 5.2% |
| Во училишен двор | 14 | 6.3% | 8 | 2.7% | 22 | 4.2% |
| На друго место во училиште | 39 | 17.4% | 68 | 22.9% | 107 | 20.5% |
| **Вкупно** | 224 | | 297 | | 521 | 100, 00% |

Перцепцијата на учениците дека повеќе од 11% од наставниците никогаш не

се обиделе да го спречат насилството зборува за култура на насилство и механизам на одржување на насилството од страна на оние кои треба да го спречат истото.

Табела 25. Колку често наставникот (наставничката) или други возрасни лица се обидуваат да го спречат насилството над некој ученик во училиштето?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| скоро никогаш | 81 | 8.6% | 151 | 14.4% | 232 | 11.6% |
| Ретко | 94 | 10.0% | 111 | 10.6% | 205 | 10.3% |
| Понекогаш | 230 | 24.4% | 264 | 25.1% | 494 | 24.7% |
| Често | 262 | 27.8% | 273 | 26.0% | 535 | 26.8% |
| скоро секогаш | 277 | 29.3% | 253 | 24.0% | 530 | 26.6% |
| **Вкупно** | 944 | 100.0% | 1,052 | 100.0% | 1,996 | 100.0% |

Ниту пак учениците манифестираат голема сензитивност за реагирање на насилството, па 14% оговараат дека никогаш другите ученици не презеле нешто за да го спречат насилното однесување.

Табела 26. Колку често другите ученици се обидуваат да го спречат насилството над некој ученик (ученичка) во училиштето?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| скоро никогаш | 108 | 11.5% | 174 | 16.7% | 282 | 14.2% |
| Ретко | 187 | 19.9% | 213 | 20.5% | 400 | 20.2% |
| Понекогаш | 337 | 35.9% | 355 | 34.2% | 692 | 35.0% |
| Често | 208 | 22.1% | 204 | 19.6% | 412 | 20.8% |
| скоро секогаш | 100 | 10.6% | 93 | 9.0% | 193 | 9.8% |
| **Вкупно** | 940 | 100.0% | 1,039 | 100.0% | 1,979 | 100.0% |

Дури 40% од возрасните лица, исто така не пројавиле насилство, што прдставува фрапантен податок.

Табела 27. Дали некоја возрасна личност со која живееш, пријавила во училиштето за да го спречи насилството над тебе во последните неколку месеци?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| над мене не е извршено насилство во последните неколку месеци | 6 | 9.2% | 22 | 22.0 % | 28 | 17.0 % |
| Не, никој не пријавил во училиштето | 29 | 44.6 % | 37 | 37.0 % | 66 | 40.0 % |
| Да, пријавиле еднаш во училиштето | 17 | 26.2 % | 20 | 20.0 % | 37 | 22.4 % |
| Да, пријавиле во училиште повеќепати | 13 | 20.0 % | 21 | 21.0 % | 34 | 20.6 % |
| **Вкупно** | 65 | 100.0 % | 100 | 100.0 % | 165 | 100.0 % |

Во однос на емпатијата со учениците кои се изложени на сислтво, сепак, учениците се сензитивни, иако девојчињата во многу поголема мера и подготвени да помогнат.

Табела 28. Кога гледаш дека над ученик/ученичка на твоја возраст се врши насилство, што чувствуваш или мислиш?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Веројатно тој ученик (ученичка) го заслужил тоа | 20 | 2.0% | 64 | 6.0% | 84 | 4.1% |
| не чувствувам скоро ништо | 32 | 3.3% | 81 | 7.6% | 113 | 5.5% |
| Малку ми е жал за тој/таа ученик/ученичка | 184 | 18.7% | 301 | 28.1% | 485 | 23.6% |
| Жал ми е за тој ученик или ученичка и со задоволство би му/и помогнал/а | 748 | 76.0% | 625 | 58.4% | 1,373 | 66.8% |
| **Вкупно** | 984 | 100.0% | 1,071 | 100.0% | 2,055 | 100.0% |

Табелите кои следуваат ќе се однесуваат на насилното однесување кое учениците го манифестираат врз другите ученици, односно колку се тие извршители на насилство.

Ако ги проанализираме податоците од табела 23, може да забележиме дека 20% од учениците извриле некакво насилство врз останатите ученици, и тоа 15% од девојчињата и 25 % од момчињата.

Табела 29. Колку пати си учествувал/ла во насилство над други ученици во училиштето во последните неколку месеци?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 837 | 85.6% | 805 | 75.5% | 1,642 | 80.3% |
| Се случило 1-2 пати | 101 | 10.3% | 186 | 17.4% | 287 | 14.0% |
| 2-3 пати месечно | 16 | 1.6% | 38 | 3.6% | 54 | 2.6% |
| приближно еднаш неделно | 12 | 1.2% | 13 | 1.2% | 25 | 1.2% |
| неколку пати неделно | 12 | 1.2% | 24 | 2.3% | 36 | 1.8% |
| **Вкупно** | 978 | 100.0% | 1,066 | 100.0% | 2,044 | 100.0% |

Табела 30. Сум нарекувал/ла друг ученик/ученичка со погрдни имиња, сум се исмејувал/ла.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 834 | 87.0% | 806 | 77.6% | 1,640 | 82.1% |
| Се случило 1-2 пати | 89 | 9.3% | 176 | 17.0% | 265 | 13.3% |
| 2-3 пати месечно | 16 | 1.7% | 27 | 2.6% | 43 | 2.2% |
| приближно еднаш неделно | 7 | 0.7% | 10 | 1.0% | 17 | 0.9% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| неколку пати неделно | 13 | 1.4% | 19 | 1.8% | 32 | 1.6% |
| **Вкупно** | 959 | 100.0% | 1,038 | 100.0% | 1,997 | 100.0% |

Табела 31. Намерно исклучував ученик или ученичка од мојот круг на пријатели

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 844 | 87.6% | 913 | 89.1% | 1,757 | 88.4% |
| Се случило 1-2 пати | 91 | 9.4% | 78 | 7.6% | 169 | 8.5% |
| 2-3 пати месечно | 14 | 1.5% | 12 | 1.2% | 26 | 1.3% |
| приближно еднаш неделно | 7 | 0.7% | 9 | 0.9% | 16 | 0.8% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 13 | 1.3% | 20 | 1.0% |
| **Вкупно** | 963 | 100.0% | 1,025 | 100.0% | 1,988 | 100.0% |

Табела 32. Сум удрил со нога ученик (ученичка) или сум заклучил во просторија.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 906 | 95.4% | 914 | 88.8% | 1,820 | 92.0% |
| Се случило 1-2 пати | 29 | 3.1% | 78 | 7.6% | 107 | 5.4% |
| 2-3 пати месечно | 3 | 0.3% | 12 | 1.2% | 15 | 0.8% |
| приближно еднаш неделно | 5 | 0.5% | 11 | 1.1% | 16 | 0.8% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 14 | 1.4% | 21 | 1.1% |
| **Вкупно** | 950 | 100.0% | 1,029 | 100.0% | 1,979 | 100.0% |

Табела 34. Сум ширел лажни гласини и сум имал намера другите да ги

одвратам од учениците или ученичките.

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 893 | 93.6% | 947 | 93.0% | 1,840 | 93.3% |
| Се случило 1-2 пати | 40 | 4.2% | 49 | 4.8% | 89 | 4.5% |
| 2-3 пати месечно | 11 | 1.2% | 9 | 0.9% | 20 | 1.0% |
| приближно еднаш неделно | 3 | 0.3% | 3 | 0.3% | 6 | 0.3% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 10 | 1.0% | 17 | 0.9% |
| **Вкупно** | 954 | 100.0% | 1,018 | 100.0% | 1,972 | 100.0% |

Табела 35. Сум земал пари или други работи од ученик (ученичка) или сум уништувал/ла работи кои ќе му ги препишат на тој/таа ученик/ученичка

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 932 | 98.2% | 967 | 95.7% | 1,899 | 96.9% |
| Се случило 1-2 пати | 8 | 0.8% | 26 | 2.6% | 34 | 1.7% |
| 2-3 пати месечно | 1 | 0.1% | 5 | 0.5% | 6 | 0.3% |
| приближно еднаш неделно | 1 | 0.1% | 5 | 0.5% | 6 | 0.3% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 7 | 0.7% | 14 | 0.7% |
| **Вкупно** | 949 | 100.0% | 1,010 | 100.0% | 1,959 | 100.0% |

Табела 36. Сум се заканувал/ла на ученик/ученичка или сум присилувал/ла да го прави она што не го сака.

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 924 | 97.7% | 964 | 95.2% | 1,888 | 96.4% |
| Се случило 1-2 пати | 10 | 1.1% | 34 | 3.4% | 44 | 2.2% |
| 2-3 пати месечно | 3 | 0.3% | 2 | 0.2% | 5 | 0.3% |
| приближно еднаш неделно | 2 | 0.2% | 6 | 0.6% | 8 | 0.4% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 7 | 0.7% | 14 | 0.7% |
| **Вкупно** | 946 | 100.0% | 1,013 | 100.0% | 1,959 | 100.0% |

Табела 37. Сум нарекувал/ла ученик/ученичка со погрдии имиња, сум го коментирал/ла неговото/нејзиното потекло.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 912 | 96.5% | 939 | 92.5% | 1,851 | 94.4% |
| Се случило 1-2 пати | 20 | 2.1% | 49 | 4.8% | 69 | 3.5% |
| 2-3 пати месечно | 2 | 0.2% | 9 | 0.9% | 11 | 0.6% |
| приближно еднаш неделно | 2 | 0.2% | 7 | 0.7% | 9 | 0.5% |
| неколку пати неделно | 9 | 1.0% | 11 | 1.1% | 20 | 1.0% |
| **Вкупно** | 945 | 100.0% | 1,015 | 100.0% | 1,960 | 100.0% |

Табела 38. Сум нарекувал/ла ученик/ученичка со погрдни имиња, или сум покажувал/ла гестови со сексуално значење.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 912 | 96.5% | 930 | 93.2% | 1,842 | 94.8% |
| Се случило 1-2 пати | 21 | 2.2% | 44 | 4.4% | 65 | 3.3% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2-3 пати месечно | 4 | 0.4% | 7 | 0.7% | 11 | 0.6% |
| приближно еднаш неделно | 1 | 0.1% | 3 | 0.3% | 4 | 0.2% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.7% | 14 | 1.4% | 21 | 1.1% |
| **Вкупно** | 945 | 100.0% | 998 | 100.0% | 1,943 | 100.0% |

Табела 39. Бев насилен (насилна) кон ученик или кон ученици на некој друг начин.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 869 | 96.7% | 905 | 93.8% | 1,774 | 95.2% |
| Се случило 1-2 пати | 14 | 1.6% | 41 | 4.2% | 55 | 3.0% |
| 2-3 пати месечно | 7 | 0.8% | 7 | 0.7% | 14 | 0.8% |
| приближно еднаш неделно | 2 | 0.2% | 2 | 0.2% | 4 | 0.2% |
| неколку пати неделно | 7 | 0.8% | 10 | 1.0% | 17 | 0.9% |
| **Вкупно** | 899 | 100.0% | 965 | 100.0% | 1,864 | 100.0% |

Табела 40. Дали твојот класен раководител (учител) или некој друг наставник разговарал со тебе за твоето насилство кон другите ученици во последните неколку месеци?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Тоа не се случило во последните неколку месеци | 13 | 34.2% | 23 | 32.9% | 36 | 33.3% |
| Не, никогаш | 10 | 26.3% | 15 | 21.4% | 25 | 23.1% |
| Да, еднаш | 9 | 23.7% | 24 | 34.3% | 33 | 30.6% |
| Да неколку пати | 6 | 15.8% | 8 | 11.4% | 14 | 13.0% |
| **Вкупно** | 38 | 15.8% | 70 | 100.0% | 108 | 100.0% |

Табела 41. Дали некоја возрасна личност со која живееш, пријавила во училиштето за твоето насилство кон другите ученици во последните неколку месеци?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Не сум извршил насилство во последните неколку месеци | 15 | 41.7% | 21 | 32.8% | 36 | 36.0% |
| Не, никој не пријавил во училиштето | 9 | 25.0% | 21 | 32.8% | 30 | 30.0% |
| Да, пријавиле еднаш во училиштето | 9 | 25.0% | 9 | 14.1% | 18 | 18.0% |
| Да, пријавиле во училиште повеќепати | 3 | 8.3% | 13 | 20.3% | 16 | 16.0% |
| **Вкупно** | 36 | 100.0% | 64 | 100.0% | 100 | 100.0% |

Табела 42. Како реагираш кога ќе видиш дека другите ученици или ученички се насилни спрема некој кој има исто толку години колку што имаш и ти?

| | Женски | | Машки | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Никогаш не сум забележал/а дека над некој ученик/ученичка на мојата возраст се врши насилство | 354 | 35.8% | 395 | 37.2% | 749 | 36.5% |
| Учествувам во насилството | 11 | 1.1% | 15 | 1.4% | 26 | 1.3% |
| Ништо не правам, мислам дека насилството е во ред | 3 | 0.3% | 8 | 0.8% | 11 | 0.5% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Само посматрам што се случува | 28 | 2.8% | 71 | 6.7% | 99 | 4.8% |
| Ништо не правам, но мислам дека би требало да му се помогне на ученикот или ученичката кој/која е жртва на насилство | 201 | 20.3% | 212 | 20.0% | 413 | 20.1% |
| Се обидувам да му помогнам на ученикот или ученичката кои се жртва на насилство | 393 | 39.7% | 360 | 33.9% | 753 | 36.7% |
| **Вкупно** | 990 | 100.0% | 1,061 | 100.0% | 2,051 | 100.0% |

Табела 43. Колку често се плашиш дека учениците /ученичките од твоето училиште ќе бидат насилни кон тебе?

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Никогаш | 542 | 53.6% | 693 | 63.1% | 1,235 | 58.6% |
| Ретко | 262 | 25.9% | 237 | 21.6% | 499 | 23.7% |
| Понекогаш | 125 | 12.4% | 95 | 8.7% | 220 | 10.4% |
| Повеќепати | 25 | 2.5% | 37 | 3.4% | 62 | 2.9% |
| Често | 17 | 1.7% | 17 | 1.5% | 34 | 1.6% |
| Многу често | 40 | 4.0% | 19 | 1.7% | 59 | 2.8% |
| **Вкупно** | 1,011 | 100.0% | 1,098 | 100.0% | 2,109 | 100.0% |

Табела 44. На крајот, што мислиш колку често твојот класен раководител или учител помогнал во спречување на насилство во училиштето во последните неколку месеци.

| | **Женски** | | **Машки** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | n | % | n | % | n | % |
| Скоро и да не помогнал | 118 | 12.5% | 200 | 19.2% | 318 | 16.0% |
| Ретко помогнал | 143 | 15.1% | 134 | 12.8% | 277 | 13.9% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Понекогаш помогнал | 217 | 22.9% | 288 | 27.6% | 505 | 25.4% |
| Често помагал | 237 | 25.1% | 184 | 17.6% | 421 | 21.2% |
| Многу често помагал | 231 | 24.4% | 238 | 22.8% | 469 | 23.6% |
| **Вкупно** | 946 | 100.0% | 1,044 | 100.0% | 1,990 | 100.0% |

Во делот кој следува ќе бидат дадени комбинации на прашањата во согласност се релевантните варијабли кои беа дел од оваа анализа

.

Табела 45. Начини на кои учениците биле изложени на насилство

| | Вербално | Изолирање | Физичко | Гласини | Штета | Закани | Националност | сексуално | Cyber | Друг начин |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Женски | **8.7%** (89) | **6.8%** (69) | **3.9%** (40) | **7.9%** (80) | **3.6 %** (36) | **4.0 %** (40) | **4.8%** (48) | **4.8%** (48) | **4.2%** (41) | **4.9 %** (48) |
| Машки | **12.0%** (138) | **8.2%** (92) | **8.0%** (91) | **8.0%** (92) | **3.9 %** (44) | **5.1 %** (57) | **6.5%** (73) | **6.9%** (77) | **3.1%** (34) | **5.7 %** (62) |
| Вкупно | **10.4%** (227) | **7.5%** (161) | **6.1%** (131) | **8.0%** (172) | **3.7%** (80) | **4.6 %** (97) | **5.7%** (121) | **5.9%** (125) | **3.6%** (75) | **5.3 %** (110) |




Графикон 2. Графички приказ на видовите насилство извршени врз момчињата и девојчињата

Табела 46. Кој го извршил насилството и врз кого

| | Вербално | Изолирање | Физичко | Гласини | Штета | Закани | Националност | сексуално | Cyber | Друг начин |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Девојче врз девојче | **1.5%** (15) | **1.8%** (18) | **0.3%** (3) | **2.2%** (22) | **0.6%** (6) | **0.7%** (7) | **0.7%** (7) | **0.7%** (7) | **0.9%** (9) | **1.1%** (11) |
| Момче врз девојче | **2.6%** (27) | **1.5%** (15) | **1.4%** (14) | **2.0%** (20) | **1.2%** (12) | **1.1%** (11) | **1.9%** (19) | **1.9%** (19) | **0.9%** (9) | (21) |
| Момче врз момче | **6.3%** (72) | **4.3%** (49) | **3.7%** (42) | **3.9%** (45) | **1.7%** (19) | **2.3%** (26) | **2.8%** (31) | **3.8%** (42) | **1.6%** (17) | **3.0%** (33) |




Графикон 3. Графички приказ за извршителот на насилството

- **Резултати добиени од фокус групите – предлози за подобрување на состојбата во училиштата**

Сите учесници кои учествуваа во ова истражување имаа можност во рамки на фокус групите да ги наведат сопствените предлози како да се подобри состојбата во училиштата. На тој начин, имаа можност да го споделат своето мислење за тоа кои проблеми постојат во училиштето, но и што би сакале да променат. Нивните мислења се драгоцени сугестии за правецот во кој би требало да се движат реформите и трансформацијата на училиштето.

- **Предлози од родителите како да се подобри состојбата во училиштата**

По однапред подготвен протокол за водење на фокус групи, родителите одговараа на неколку прашања. Во однос на прашањето ***Како е можно да се намали насилството помеѓу децата?*** беа добиени повеќе одговори, кои се категоризирани во пет групи во однос на содржината. Во првата група се одговорите кои во прв план ја ставаат *одговорноста од страна на вработените*, и во рамките на оваа група постојат четири подгрупи (првата подгрупа се однесува на стручните знаења на вработените и нивната моќ со сопствениот авторитет да влијаат на однесувањето на насилниците; втората на санкционирањето на насилното однесување од страна на вработените; во третата група спаѓаат одговорите кои ги обвинуваат вработените за лошата состојба во училипштата; а во четвртата се одговорите на родителите кои сметаат дека насилството би се намалило доколку се зголеми контролата на децата од страна на вработените). Во втората група се наоѓаат одговорите кои се од *организациска природа*, како на пример подобрување на општите услови за учење во училиштето, формирање на групи во согласност со личните преферниции на децата, поквалитетна организација на слободното време. Во третата група се класифицирани одговорите на родителите кои одговорноста за насилството помеѓу децата сметаат дека треба да се бара во *самите деца*, истакнувајќи дека е потребна поголема солидарност помеѓу самите деца и поголема одговорност за нивните постапки. Во четвртата група се одговорите на родителите кои *не гледаат можно решение за насилството во училиштата*, па само ја констатираат безнадежната ситуација, додека пак, во петата се класифицирани сите останати одговри како - нема насилство, ќе биде подобро или не знам како да се помогне.

Во однос на прашањето ***Како е можно да се намали насилството врз децата од страна на вработените во рамките на училиштето,*** родителите даваа слични одговори и посочуваат слични

мерки како и на претходоното прашање. Сепак, најголем број од родителите сметаат дека е потребно да се превземат одредени мерки кон вработените кои лошо се однесуваат кон децата. Родителите бараат од  возрасните иста дисциплина, каква што возрасните бараат од нив, а од надлежните служби бараат поголема контрола и цврсти правила за однесувањето на возрасните. Голем процент од родителите или не знаат што би требало да се направи или мислат дека ниедна мерка не би помогнала. Интересен е предлогот на двајца родители како можно решение ,,децата и возрасните подобро да се запознаат едни со други”. Секако, не смее да се заборави на одговрите на оние родители кои негираат дека во училиштата постојат возрасни кои насилно се однесуваат со нив.

Доколку ги споредиме одговорите на првото и на второто прашање добиени од фокус групите, можеме да донесеме неколку заклучоци. Најбројната група на одговори се однесува на казните за децата кои се однесуваат насилсно, па речиси половина од учесниците во фокус групите се залагаат за мерката казна за насилниците, што значи дека насилството навистина ги загрозува. И во однос на вработените, најголемиот процент од родителите се заложуваат за воведување на иста таква мерка – казна. Меѓутоа, кога станува збор за вработените, голем процент од родителите одговараат дека не би знаеле што може да се направи за да се спречи насилството, додека пак, кога станува збор за децата – извршители на насилство, многу малку одговори се дека децата ,,не знаат” што треба да направат. Слично на тоа, многу повеќе родители сметаат дека не постојат мерки со кои би се влијаело на вработените кои го извршуваат насилството, додека, пак, кога станува збор за децата извршители – само двајца учесници сметаат дека било каков обид за работа со нив би бил безуспешен. Овие податоци зборуваат за длабокото чувство на беспомошност кај родителите во однос на возрасните вработени во училиштата. Општ е впечатокот дека родителите главно препорачуваат остри мерки, и тоа пред сѐ спрема учениците, но и спрема вработените, и дека кога станува збор за возрасните се чувствуваат многу побеспомошно и спремни се да се откажат во борбата против насилството без да превземат било каква акција.

Во прилог следуваат неколку цитати од родители на деца во однос на нивниот став кон насилството во училиште:

- Темава е навистина деликатна и има многу да се зборува за неа, да сведоци бевме на секојдневни вакви настани пренесени од медиумите , е сега нели има ознака скоро на сите тв програми наменети за ... публика, за вестите велат дека се за целата публика, па зарем дете од 7 - 8 години треба да слуша како се убиваат или како се тепале децата? Па мислам дека и тоа ќе земе нож, ќе се тепа за утре да го кажат на тв. Можеби не сум во право ама мислам дека родителите многу треба да внимаваат што гледаат и слушаат нивните деца, како и оние игрите со насилство. И ние бевме деца па игравме ластик и криенка. Сега се им е дозволено и пак им е малку, а за наставничките што користат такви зборови - Срам да им е и после се жалат децета не биле мирни, епа на се треба да се пази - кому му се дава такво работно место, треба образование ,култура многу треба за да се спречи насилството меѓу децата. И мене ме погодува што се повеќе и повеќе гледам насилни деца
- А кого треба да обвинуваме: родителите, наставниците, телевизијата, филмовите, интернетот,видео игрите.
  Кој е виновен? Според мене родителите не обрнуваат внимание на своите деца, не разговараат со нив, не знаат со кој се дружат, што прават во слободното време. Да се биде строг не значи дека детето ќе биде помирно -можеби дома ќе биде најмирното дете, ама надвор веќе е сосема друго. Само разговор со нив и поголема комуникација мегу родител -наставник
- За насилство во училиште имаат голем дел вина и наставниците и целиот систем над кој сега е поставено образованието. Професорици по одделенска настава што завршиле факултет во нечиј партиски штаб, без тронка познавање на педагогија и психологија, со желба само први да дојде и плата да земат. Школи без дежурни наставници, оти нели они сега се професори и знаете што, децата мои не пцујат, воспитани се, ама џабе е кога немаат саглам наставник во школо.
  За какви родители има не ни сакам да коментирам, ама факт е дека тоа што го зборат дома родителите, зборам за оние нормални родители што сакаат децата да им се воспитани, некој треба да го продолжи и тие 6 саати додека се децата во школо. Ама таму нема никој, сите се на пауза, буквално сите....
  Пушење забрането со закон, секаде освен во школото, се криjат по кабинети. Што ќе му пренесат на детето??? Се криеме од родителите ваши?
  Јас сум многу разочарана од како функционира школово барем ова кај децата мои што учат... Имаат една директорка што не смее да им зуцне затоа што е одделенска наставничка, а и не се знае кој ќе победи на следните избори и дали ќе остане директорка. Па си се штитат меѓу себе, баш се солидарни...

Работат по 3 саати и плус се повикуваат на правото на пауза. Немаат ниту систем за картици и мерење на работно време ниту ништо. Родителите не ги учат децата да се поддржуваат, дружат, помагаат, туку да се гребат, лигават, газат, снаоѓаат. И во целиот тој хаос децата единствено што учат е: Снајди се, згази, улизи се, скриј се ако можеш, издади некој за да пројдеш ти.

- Вината е на двете страни апсолутно, но за среќа во училиштето каде што учи мојот син имаме слух од наставничките, од кадарот, се прават реформи, и во однос на облекување, и во однос на пристап и во однос на дежурства наставничките и после настава од целодневна остануваат до 16 часот а потоа до 17 одат кај дежурен децата кои остануваат подоцна.И многу ми е драго што кај нас, родителите имаат влијание имаме состаноци еднаш месечно и се обидуваме да ги решиме проблемите, но има родители кои не сакаат и не ги интересира каде учат нивните деца, што прават и сл. Домашното воспитување треба да се продолжи на училиште, но за жал невоспитувањето надвладува а нема механизам да се спречи - станува збор за ДЕЦА

- **Предлози од вработените како да се подобри состојбата во училиштата**

Се претпоставува дека подготвеноста на вработените да се ангажираат во решавање на проблемите со насилството во училиштата во голема мера зависи од тоа колку се тие задоволни од својата работа и колку сметаат дека таквото ангажирање воопшто би имало смисла, односно би било ефикасно.

Едно од прашањата на кое вработените одговараа во рамки на фокус групите беше ***Какво е професионалното задоволство на вработените во училиштата?*** Скоро без исклучок, сите вработени одговараа дека ја сакаат својата работа, а повеќе од половината и дека премногу ја сакаат. Овој податок би требало да биде премногу охрабрувачки, бидејќи покажува дека вработените не ги поколебуваат тешкотиите со кои тие се соочуваат на работа, но и дека посветеноста на работата пружа гаранција дека во доволна мера ќе се ангажираат во решавање на проблемите кои ќе се појават, вклучувајќи го тука и проблемот на насилство. Меѓутоа, повеќе од половината од наставниците би ја промениле сопствената работа, и тоа пред сè поради лошиот статус кој го

има оваа професија во општетсвото и малите плати, како и неможноста за напредување во сопствената професија.

Во однос на прашањето поврзано со ***професионалното согорување на работното место,*** најголем број од вработените сметаат дека феноменот на согорување настанува кај вработените кои работат директно со учениците над 15 години, додека еден помал дел сметаат дека може да се јави и 2-3 години по директната работа со децата, а други пак негираат дека во рамките на оваа работа доаѓа до согорување. Со цел да се намали професионалното согорување, вработените во рамките на фокус групите имаа предлози работното време да се намали на 6 часа, да се зголеми бројот на техничкиот персонал кој ќе води сметка за хигиената, да се намали бројот на деца во секое одделение, и да им се намалат административните задачи на наставниците.

Во рамки на фокус групите, на вработените им беше поставено и прашањето ***Дали вработените имаат можност да го намалат насилното однесување во училиштата?*** Во однос на ова прашање, речиси една четвртина од учесниците негираа постоење на проблем во рамки на училиштата, велејќи дека нема насилство, дека ситуацијата е под контрола, односно дека вработените успеваат да излезат на крај со проблемите. Меѓу одговорите беа наведни и прилично песимистички тврдења кои произлегуваат од преголемиот број на деца и немањето доволен капацитет да им се излезе во пресрет на потребите, незаинтересираноста на некој од вработените, но и лошото влијание од страна на средината, особено оод страна на медиумите. Во рамките на ова прашање, вработените имаа можност да размислат и за тоа ***кој вид на поддршка им е потребен за адекватно да можат да одговорат на проблемите поврзани со злоставувањето и занемарувањето на учениците***. Најголем број од вработените ја истакнаа потребата од континуирани стручни едукации – семинари, работилници, стручна литература, потоа тимската работа (соработка помеѓу вработените во училиштето, поддршка и доверба од страна на директорот,

чести средби и размена на искуство), како и потребата од надворешна поддршка.

Покрај наведените прашања, подготвени по однапред конструиран протокол за водење на фокусни групи, на вработените им беше овозможено да наведат и ***идеи за тоа како би требало да се решаваат проблемите поврзани со насилството***. Најголем број од вработените сметаат дека активното присуство на возрасниот во животот на детето во голема мерка го заштитува од насилство. Под активно присуство се подразбира спремност за разговор, давање насоки, укажување на последиците од насилното однесување. Вработените исто така сметаат дека е битно квалитетно да се осмисли слободното време, да се работи превентивно со децата, да се работи на нивниот морален развој, да се воспоставаи цврст емоционален однос помеѓу детето и вработениот, со цел да се зголеми довербата помеѓу нив. Повторно, дел од вработените ја истакнаа потребата од постојано стручно усовршување, помош и поддршка од повисоките органи, подобрување на условите за работа во училиштето, како и строги ригорозни контроли и построги санкции спрема извршителите на насилството.

Во рамки на фокус групите, и вработените и учениците имаа можност да ги споделат и ***ризичните фактори со кои се соочуваат,*** а кои се причина за појавата на насилство. Како такви тие ги издвоија следниве:

- Голема оптеретеност на децата со проблеми
- Учење по пат на модел
- Неповолното влијание на микро-социјалната мрежа во која се вклучени одредени деца
- Непринципиелна селекција при вработување на кадри во училиштата (особено по партиска линија), релативна старост на вработените, согорување и премор
- Тенденција вработените да го минимизираат или негираат проблемот на насилството и со самото тоа да придонесат да се зацврсти културата на насилство
- Неизедначена мотивираност и стручност кај вработените
- Верувањата на некој вработени дека цврстите методи (казнување, присилно лечење, исклучување од училиште, полициски методи) се

најдобар начин за решавање на проблемите поврзани со насилството
- Чувството на лична загрозеност и несигурност на одредени вработени поради големиот број на проблеми кои мораат секојдневно да ги решаваат
- Затвореност на училиштата, недоволна транспарентност на работата поради што во рамки на училиштето се воспоставува неповолна микроклима

На учесниците во фокус групите има беше дадена можност за размислат за ***можните решенија за намалување на насилството во училиштата***. Судејќи по добиените податоци, ова прашање е константна преокупација на вработрените. Резултатите добиени од фокусните групи како можни предлог решенија ги издвојуваат следниве:

- Една од најважните, и секако неопходни мерки во борба против насилството е свесноста на вработените за постоењето на насилството како проблем. Податоците (и од фокусните групи и од прашалникот) покажуваат дека голем дел од вработените го минимизираат, па дури и го негираат постоењето на насилството како проблем. Токму поради тоа, еден од првите чекори би требало да биде сензибилизација на сите вработени за проблемот со насилството. Вработените би требало да се оспособат и да ги препознаваат предупредувачките знаци кои укажуваат на насилство кое може да биде скриено. Истражувањата за насилството покажуваат дека не е секогаш лесно да се препознае насилството и дека жртвите некогаш – поради немарност, незнаење или рамнодушност од средината се помируваат со ситуацијата во која редовно се злоставувани.
- Пораката дека насилството е недозволено и дека детето кое е загрозено има право да бара помош мора да биде порака која на децата постојано, многу јасно и недвосмислено ќе им биде соопштувана. Оваа порака мора да дојде до децата не само тогаш кога некој сериозен инцидент ќе се случи, туку најдобро е да биде секојдневно присутна во вид на натпис, постер, цртеж. За таквата порака да има ефект, на детето треба да му биде совршено јасно на кого и на кој начин може да му се обрати за помош во случај на изложеност на насилство.
- Потребно е да постои јасна идеја како и што да се работи кога ќе се случи насилен инцидент. Непримерното и недоследното реагирање

претставуваат премногу лоша порака и за жртвите и за извршителите на насилството. Во препораките кои ги дава The Support Force for Residential Child Care се нагласува дека најважна улога во спречувањето на насилството игра постојаната будност на возрасните и неодложното реагирање на проблемот на насилството.

- Голем дел од вработените сметаат дека постои потреба од дополнителната едукација на вработените со што би се пружила поддршка на вработените, вмрежување на сите лица, учење на нови вештини и одржување на заеднички стандарди во работата со деца.

- **Предлози од експертите како да се подобри состојбата во училиштата**

Појавата на психофизичко насилство е еден од најсериозните проблеми со кои се соочува денешното општество, појава која го загрозува психичкиот и физички развој, здравјето и добросостојбата на младите, како и нивните основни права и достоинство и истата остава долгорочни последици врз индивидуата, но и дека истата не е доволно и соодветно третирана, е генералниот заклучок од фокус групата одржана со експертите.

Во продолжение се дел од изјавите на експертите:

- Треба повеќе просветните инспектори во основните училишта да поведат сметка за наставниот кадар и за воспитната компонента, како наставниците реагираат кога децата имаат проблеми или како да се справат просветните инспектори со кршење на правата на децата од страна на воспитно-образовниот кадар.

- Ако се докаже дека навистина се злоупотребуваат овие права во основните училишта, посебно од страна на воспитно-образовниот кадар, или треба да се едуцира воспитно-образовниот кадар или треба да се отстрани од оваа воспитно-образовна функција
- Агресивниот однос наставник-ученик се должи, пред се, на лошата меѓусебна комуникација, недоволното познавање и почитување на детските права и немоќта на наставникот да се справи со одредена ситуација. „Задачата на наставникот не е само да предава, туку тој треба и да делува малку воспитно, значи да може да ги разбере, да има заемна комуникација”

- Отсуството на комуникацијата меѓу децата и родителите, понатаму недоволната грижа за младите, недоволно нивно полезно ангажирање во слободното време и препуштеност на самите себе, доведува до агресија, осаменост и отуѓеност. Еден од факторите за насилно однесување е фактот дека родителите и децата се помалку време посветуваат за разговор, во училиштата децата не се чувствуваат дека некој води грижа за проблемите со кои се соочуваат.
- На некој начин ние сè уште одржуваме култура „око за око, заб за заб", велејќи дека ако некој е жртва треба сам да се снаоѓа и дека така се станува посилен. Ни недостасува култура на емпатичност

Токму недоволно ефикасните институции и благите санкции експертите ги сметаат за главни причини за зачестените повреди на правата на децата.

## ДИСКУСИЈА

Ова истражување е спроведено со цел да се испита поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување кај учениците во основно училиште. Многу долго на повремените тепачки и конфликти се гледало како на составен дел на растењето и училишната атмосфера, односно се сметало дека тоа е составен дел на училишниот живот. Меѓутоа, се поголемата бруталност, несразмерност во тепачките каде група напаѓа поединец, како и бесмислените поводи за пресметување укажуваат на тоа дека насилството и културата на насилство претставуваат сериозен општествен проблем.

Во последните години многу истражувања покажуваат дека учениците во училиштето трпат одредени видови на насилно однесување од страна на своите врсници. Оттаму произлегува потребата да се надминат таквите обрасци на однесување, да ги научиме учениците да се адаптираат на промени, да бидат флексибилни, адаптибилни и да воспостават механизми на внатрешна контрола, да имаат увид во сопствените постапки, да прифатат одговорност и да манифестираат прифатливи обрасци на однесување.

Насилното однесување на учениците во последните неколку години доби некои нови карактеристики, бидејќи тоа не е изолирано од разни кризи и случувања во општеството, а со самото тоа не го заобиколува ниту училиштето. Зошто децата извршуваат насилство? Мотивите можат да бидат различни. Некои деца, особено оние на помлада возраст, немаат адекватен увид во сопственото однесување. Така, за нив нема одредена тежина реченицата која подразбира потсмевање на друго дете поради физички или други недостатоци. Постарите браќа или сестри, возрасните луѓе на кои им се воодушевуваат или едноставно ликовите од акционите филмови би можеле да бидат модели за имитација и креаирање на сопствениот имиџ. Комуникацијата со врсниците претставува вештина која се учи, па можно е децата да не ја усвојат на соодветен начин.

Во тој случај единствен научен модел на комуникација може да биде *кој тебе со камен, ти него со два*. Децата кои поминуваат низ тежок период во животот, губење или развод на родителите, преселба или нешто слично, можат своето незадоволство да го покажат преку агресија над другите деца. Насилство ќе извршува дете кое и самото е жртва на семејно насилство или доколку во семејството се толерира ваков вид на однесување. Родителите кои се без емпатија и топлина, или премногу се попустливи и не поставуваат граници во однесувањето, се одговорни за насилното однесување на децата. Исто така, стереотипниот начин на мислење, системот на вредности и менталитетот влијаат на развојот на личноста на секој од нас, дури и негативно.

Учениците кои се жртви на насилство од страна на други ученици, се чувствуваат осамено во училиштата и немаат вистински пријатели. Семејството не е единствениот контекст во кој детето се развива. Во текот на растењето постојат други важни настани и извори за поддршка, а едни од најзначајните, особено во перидот на адолесценција, се врсниците.

Според резултатите од некои истражувања помалата социјална поддршка од страна на врсниците придонесува за пониско самопочитување на врсниците. Значи, многу е важно адолесцентите да чувствуваат дека на располагање имаат пријатели на кои можат да сметаат, кои им ставаат на знаење дека се ценети, сакани и вредни.

Социјалната поддршка влијае на психичкото здравје, таа ја штити личноста од негативните ефекти од стресот и овозможува успешно соочување (според Klarin, 2004). За повеќето млади пријателите и врсниците се важен извор на социјална поддршка (според Klarin, 2004). Дружењето со врсниците овозможува чувство на пријатност, помага во решавањето на проблеми, охрабрува. Значењето на врсниците и задоволството од престојот во групата на врсници претставува извор за задоволување на бројни емоционални и социјални потреби, а перцепцијата на социјалната поддршка условува позитивни развојни исходи.

Тргнувајќи од потребата во училиштето да се развива и да се негува позитивна атмосфера, училиштето да претставува сигурно и поттикнувачко место за секое дете, го спроведовме ова истражување со цел да утврдиме во колкава мера е поврзано доживеаното и манифестираното насилно однесување со со самопочитувањето кај учениците од осмо одделение.

Во литературата која е поврзана со истражувањето на насилството присутен е ставот дека постои ,,магичен круг на насилство" кој се состои од тројца актери - насилник, жртва и набљудувач. Речиси сите истражувања покажуваат дека постои нераскилива врски помеѓу насилникот и жртвата – односно дека лицето кое било жртва на насилство, подоцна и самото станува насилник.

Овие податоци во целост кореспондираат со податоците кои се добиени во рамките на ова истражување каде од Табела 1 може да се види дека постои позитивна поврзаност помеѓу изложеноста на сите видови на насилство и извршувањето на сите видови на насилство. Резултатите ни

говорат дека колку децата повеќе се жртви на насилство, во поголема мера и се извршители на истото. Но, не смее да се занеамри и податокот дека постои поврзаност и помеѓу самите видови на насилство, односно децата кои се жртви на емоционално насилство, се жртви и на физичко, сексуално и занемарување. Исто така, оние кои извршуваат емоционално насилство, извршуваат и физичко, сексуално и занемарување.

Според Dan Olweus, децата, со оглед на својата улога која ја имаат во рамки на насилството се поделени во четири групи, и тоа – жртви, насилници, и жртви и насилници и неинволирани (пасвини) набљудивачи. Кај оние деца кои се категоризирани како жртви присутно е многу пониско самопочитување отколку кај оние кои се категоризирани како набљудувачи (Andreou, 2001, Elez, 2003, Profaca i sur., 2006) и обично се понесигурни и поанксиозни од останатите деца (Hawker and Boulton, 2000, Olwyes, 1998). Тие обично се чувствуваат поосамени и во училиште и во установите за социјална заштита и немаат вистински пријатели (Olweus, 1993, Smith, Sue and Madsen, 2001, според Kristensen and Smith, 2003). Што се однесува до надворешниот изглед на жртвите, тие се изненадувачки слични со останатите деца. Olweus утврдил една единствена надворешна карактеристика според која жртвите се разликуваат од останатите деца е телесната сила – обично жртвите делуваат физички многу послаби, а од психичките карактеристики се наведуваат потешкотиите во развојот или некој друг хендикеп, внимателност, повлеченост, слабо развиени социјални вештини и недостаток на асертивност, чувство на вина поради тоа што им се случува, како и недостаток на сигурност да побараат помош Olweus, 1998). Кога останатите деца ги напаѓаат, тие реагираат со плачење (на помала возраст) или пак со повлекување. Најчесто немаат добри пријатели, имаат лоша слика за себе и за својата позиција. Не се насилни и не ги закачаат останатите деца, па затоа насилството не може да се протолкува како последица на провокации. Не се во состојба да ги избегнат конфликтите со хумор, и не се снаоѓаат добро во брзо и логичко размислување (Profaca i sur., 2006).

Според Дак и соработниците како најзначајни психолошки карактеристики на децата кој се изложени на насилство се наведуваат ниското самопочитување и анксиозноста (Dake et. al., 2003). Жртвите покажуваат повеќе интернализирани потешкотии, незрели се и осамени, имаат послаби комуникациски вештини и вештини за разрешвање на проблеми од децата кои не се изложени на виктимизација (Kumpulainen and Rasanen, 2000). Иако, најголем дел од децата жртви на насилство покажуваат субмисивно-инхибирано однесување во социјални ситуации, постои и агресивен стил на однесување кој е карактеристичен за мала група на деца жртви на насилство. Тие деца се и жртви и насилници, или како што некој други автори ги нарекуваат – провокативни жртви, и се карактеризираат со комбинација од агресивен и анксиозен образец на однесување (Olafsen and Viemero, 2000). Според Olweus (1998), провокативните жртви се раздразливи и имаат потешкотии со концентрацијата, хиперактивни се, насилни и ги предизвикуваат и злоставуваат послабите деца од себе. Податоците во ова истражување говорат дека најголемиот број од децата згрижени во установите за социјална заштита се провокативни жртви – односно и го извршуваат насилство, но истовремено и самите се жртви на насилство. Според Andreou (2000), провокативните жртви се разликуваат и од насилниците и од пасивните жртви во однос на социјалната неприфатеност и негативната слика за себе. Опишувајќи ги особините на децата кои се провокативни жртви, Olweus (1998), го нагласува нивниот спој на агресивно и анксиозно однесување. Како и пасивните жртви, и провокативните жртви можат да бидат со слаба телесна градба, хиперактивни, незрели, а отежнителна околност е што и возрасните, вклучувајќи го и образовниот кадар, покажуваат ненаклонетост спрема нив. Децата кои се карактеризираат како насилници најчесто имаат позитивен став спрема насилството, импулсивни се, доминантни и агрсивни во интеракција со другите лица (Olweus and Endersen, според Kristensen and Smith, 2003).

Најзначајните други личности се секако родителите, кои уште на самиот почеток од животот почнуваат да влијаат врз развојот на

самопочитувањето. Ако родителите кон децата постапуваат со љубов и со почитување на нивните лични карактеристики, тие за себе ќе мислат како за позитивни човечки суштества, а самопочитувањето ќе им биде високо. Значи, клучни компоненти во развојот на самопочитувањето се грижата, емоционалната топлина и интересот за детето и за неговите потреби. Негативно влијание врз самопочитувањето ќе имаа претераното ограничување на слободата, изразувањето на непријателство и индиферентноста.

Доколку учениците полошо се чуствуваат во рамки на сопственото семејство, тоа ќе придонесе за помала сигурност во себе, за пасивност и подготвеност да се трпи насилство од страна на другите. Од друга страна пак, доколку општата атмосфера во семејството е попозитивна, и учениците ќе бидат поподготвени да се спротивстават на оние кои би вршеле насилство над нив. Тоа значи дека децата на кои родителите им пружаат љубов, поддршка и разбирање ќе имаат повисоко самопочитување.

Агресивните момчиња со влегување во адолесценцијата можат да бидат отфрлени од страна на врсниците, додека од друга страна, за нив врсниците можат да станат значајна група која го цени таквиот вид на однесување и со самото тоа го поттикнуваат и одржуваат. Во тој контекст станува значајна работата со децата во поглед на развивање на социјални вештини и унапредување на односот со врсниците. На тој начин би се спречиле проблемите кои би можела да ги има идентификацијата со групи кои поттикнуваат насилно однесување.

Од резултатите добиени во ова истражување, може да се заклучи дека димензијата прифаќање како за мајката така и за таткото е значаен фактор за испитуваните варијабли. Значи, и покрај тоа што периодот на адолесценција подразбира поголема насоченост кон врсниците, постигнување самостојност и одвојување од родителите (како развојна цел), родителската насоченост на детето, нивната поддршка, разбирањето, грижата и вниманието остануваат многу значајни фактори во адолесцентното прилагодување.

Добиените резултати укажуваат на постоење разлики меѓу момчињата и девојчињата во доживеаното и манифестираното насилно однесување во прилог на учениците од машки пол. Момчињата, во споредба со девојчињата, се поподготвени насилно да се однесуваат кон другите ученици, да ги нарекуваат со навредливи имиња или да ги исклучуваат од својот круг на пријатели. За момчињата е покарактеристично агресивното однесување, додека за девојчињата тоа е понеобично. Агресивното однесување на момчињата често се поткрепува додека, од друга страна, кај девојчињата тоа остро се критикува, се толкува како несоодветно се осудува и се спречува.

Помалата можност да се одговара за агресивното однесување, може да влијае на зголемување на агресивноста кај момчињата. Фактор кој детерминира поголема количина на насилни акции на момчињата е и односот на социјалната средина и факторите на социјализација. Ако го набљудуваме насилството во контекст на културата, не е тешко да се разбере поголемиот интензитет на насилно однесување кај момчињата, во споредба со девојчињата. Пред се, момчињата во споредба со девојчињата, од најраното детство имаат строги забрани во однос на изразувањето на позитивни емоции, а поблаги забрани во однос на изразувањето на негативните.

Одамна се знае дека машките се поагресивни од женските, односно дека тие агресијата ја изразуваат поотворено. Од најмала возраст децата ги учат половите улоги, перципираат и набљудуваат модели кои се однесуваат согласно на полот, при што родителите и средината ги одобруваат однесувањата кои се типични за полот. Така, момчињата најчесто се поттикнуваат на игри кои вклучуваат повеќе насилство, како играчки им се купуваат пиштоли и мечеви, додека девојчињата се воспитуваат да бидат емотивни и нежни, а најчесто им се купуваат кукли. Но, во контекст на насилството во училиштето, од многу поголемо значење е односот на училишниот персонал, како социјална средина, кон насилните акции. Низ процесот на социјализација научени сме во поголема мера да го толерираме насилното однесување на момчињата отколку на девојчињата, што веројатно

ќе влијае наставниците насилното однесување на момчињата да го доживуваат како „помалку агресивно“ (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Наодот за поголема изложеност на насилство на момчињата отколку девојчињата, како и за поголем број момчиња како извршители на насилство е очекуван. Овој наод е потврден и во други истражувања (според Olweus, 1998). Девојчињата се повеќе изложени на индиректни форми на насилство во голема мера од страна на момчињата. Резултатот од Бергенската студија е релевантен показател за ваквата ситуација бидејќи 60% од злоставените девојчиња пријавиле насилство од страна на момчињата, а повеќето момчиња (повеќе од 80%) злоставувале момчиња (Olweus,1998). И во нашето истражување се покажа дека момчињата се понасилни од девојчињата. Поголемата агресивност на момчињата е во одредена мера биолошки детерминирана од поголемата количина на тестостерон. Имено Olweus (според Vasta, Haith и Miller, 1998) утврдил поврзаност на хормонот тестостерон и процената за вербална и физичка агресија од страна на врсниците.

Генерално, момчињата се поагресивни и почесто се јавуваат како насилници во споредба со девојчињата. Bolton и Andervud (според Popadić, 2009) утврдиле дека во 65% епизоди на злоставување насилници биле момчињата, во 15% девојчињата, а во 19% девојчињата и момчињата заедно. За момчињата, насилството е дел од односите засновани на хиерархија на моќта, додека девојчињата се свртени кон афилијативните врски, па и изворот на агресивноста се поврзува во загрозување на тие врски (Popadić,2009).

Поголемата количина на насилни акции направени од момчињата, може да се толкува со билошката природа како и со различните односи меѓу девојчињата и момчињата. Додека играта и односите меѓу девојчињата повеќе е заеднички, и се темелат емпатија, помагање, односот меѓу момчињата е повеќе се компетитивен и вклучува желба за доминирање во групата на врсници. За да стекнат позиција на моќ во групата, момчињата многу често применуваат насилни акции со примена на физичка сила или со помош на закана (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Како типичен пример на желбата за доминација на момчињата, може да послужи тепачката со цел да се измерат силите меѓу момчињата, при што најјаките стекнуваат углед во групата. Поголемиот број на извршени насилства од страна на момчињата во однос на девојчињата, може да биде и последица на типичните обрасци на реакција на стресорите, кои се разликуваат меѓу девојчињата и момчињата. Имено, девојчињата и жените на хроничните стресори почесто развиваат интернализирани пореметувања, односно проблеми, па почесто развиваат депресија и невротицизам.

Во исти ситуации, момчињата и мажите реагираат со проблеми во однесувањето (на пример, алкохолизам) и со недостаток на контрола на импулсите (почесто реагираат со агресивни постапки). Родителите пред децата поставуваат се поголеми барања во врска со постигнувањата, родителите работат се поинтезивно и се помалку време имаат за одмор, што може да води до поголем број недоразбирања во семејството. Како дополнителна причина за поголема агресивност на момчињата, некои автори ги наведуваат разликите меѓу девојчињата и момчињата во поглед на сознајните процеси. Во едно истражување е утврдено дека девојчињата наспроти момчињата нејасните ситуации почесто ги толкуваат на позитивен начин или се повлекуваат од нив, додека момчињата во исти ситуации почесто реагираат со осветничка агресија (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Иако момчињата и девојчињата биолошки се различни единки, овие разлики во доживвањето и манифестирањето на насилството повеќе се засновани на културното отколку на билошкото влијание. Ако се вратиме на теоријата на K. Hornaj, според која културата игра многу значајна улога во формирањеsto на личноста, сите овие разлики можат да се согледаат токму низ влијанието на истата. Девојчињата се воспитувани како “послаб пол”, нивната агресија во споредба со онаа на машките е поприкриена.

Од развоен аспект, машките деца во споредба со женските, порано манифестираат лутина. Дури, и игрите кај девојчињата се помирни од игрите на момчињата. Подоцна, во текот на развојот, девојчињата поуспешно се служат со социјалните вештини, имаат поголема емпатија и склони се кон компромиси. Во нивното воспитување биле насочувани кон контрола на

импулсите и кон развивање на просоцијално однесување. Тие се стремат кон конструктивно решавање на конфликтите, подготвени се да бараат помош и тоа го прават со искрена желба да се реши конфликтот. И девојчињата манифестираат насилно однесување, но тие за разлика од момчињата многу поретко користат физичка сила. Дури, во училишниот период пожелно е момчето да ја изрази својата маскулиност, бидејќи во спротивно му се заканува опасност од другите насилни момчиња, како и опасност од отфрлање и потсмевање од страна на другите ученици.

Резултатите за поголема изложеност на момчињата на насилство, може да се толкуваат и од аспект на развојните функции. Имено, децата до пубертетот најчесто учествуваат во игри со врсници од ист пол, а бидејќи момчињата се поагресивни, односно во поголем број се извршители на насилни активности, поголема е шансата нивната агресивност да биде насочена кон другите момчиња. Со зголемување на возраста, иако доаѓа до се поголем број на пријателства меѓу момчињата и девојчињата, момчињата агресијата ја насочуваат пред се кон момчиња (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Во периодот на адолесценција се позначајно место во животот на детето заземаат врсниците. За да се изборат за положба во хиерархијата на моќ, која е карактеристична за периодот на пубертетот, момчињата користат физичка сила и доминација, додека девојчињата потребите ги истакнуваат главно по вербален пат, кој иако може да биде агресивен, во поголем број случаи не го достигнува нивото на агресивност кое може да се изрази кај момчињата. Агресивните деца можат да имаат круг на агресивни пријатели кои од една страна, им пружаат пријателство и социјална поддршка, и од друга го поттикнуват одржувањето на агресивното однесување.

Кругот на агресивните пријатели е карактеристичен повеќе за момчињата отколку за девојчињата. Момчињата во пониските одделенија од основното училиште многу често се позитивно поткрепувани во форма на воодушевување, почитување и зголемување на омиленоста во паралелката ако во неа се најјаки.

Olweus во своите истражувања потврдува дека момчињата во поголема мера се однесуваат насилно. Во Бергенската студија се добиени податоци кои зборуваат дека голем дел од насилството што го доживеале девојчињата е извршено од момчиња. Повеќе од 60% од злоставуваните девојчиња пријавиле насилство од страна на момчињата. Повеќето момчиња, преку 80% злоставувале исто така момчиња. Насилното однесување со физички средства е вообичаено за момчиња. Наспроти ова, девојчињата користат посуптилни начини на злоставување што придонесува таквите видови на насилство потешко да се забележуваат (ширење на гласини, исклучување од групата, недружење).

Резултатите добиени во нашето истражување не се во колизија со досегашните истражувања за половите разлики во однос на агресивното однесување. Докажано е дека односите меѓу момчињата се погруби, поостри и понасилни отколку кон девојчињата (Olweus, 1996). Овие разлики се потврдени и во нашето истражување и истите можат да бидат последица од биолошките фактори како и од социјалните фактори и од средината.

Девојчињата се статистички значајно помалку изложени на физичко насилство и статистички значајно се помалку извршители на физичко насилство, односно помалку ги удираат или туркаат, тепаат или ги повредуваат другите ученици. Иако статистички значајна, разликата во количината на доживеано насилство меѓу момчињата и девојчињата е мала (според Olweus, 1998). Бидејќи момчињата се поагресивни, очекувано е дека ќе бидат и извршители на физичко насилство.

Причината за поголемото доживеано физичко насилство на момчињата може да се толкува на неколку начини. Имено, од еволуциско гледиште, момчињата во споредба со девојчињата имаат предодредена физичка конституција за борба па, почесто се учесници на физичко насилство. Од биолошко гледиште, желбата за доминација се јавува меѓу членови од заедницата од ист пол. Од социјализациско гледиште, децата учат полово типични однесувања во кои односите помеѓу машките се погруби, со многу почесто присуство на физички контакт. Ваквото однесување на момчињата во пониските одделенија од основното училиште многу често се

позитивно поткрепени. Девојчињата имаат подобро развиени вербални способности и би можело да се очекува дека ќе искажуваат поголема вербална агресија отколку момчињата.

Резултатите од бројни истражувања покажуваат дека момчињата се почесто жртва на насилство, а во споредба со девојчињата исто така и почесто манифестираат насилно однесување. Ваквите резултати одговараат на очекувањата за половите разлики во агресивното однесување (Olweus, 1986 според Olweusu,1989).

Од податоците добиени во истражувњето пред нас, може да заклучиме дека момчињата и девојчињата во подеднаква мера се застапени како жртви на насилство, додека како извршители, статистички почесто се јавуваат момчињата. Овој резултат може да се објасни со фактот дека толеранцијата на општетсвото, па и на воспитувачите, родителите/старателите спрема насилното однесување на момчињата е поголема во однос на насилното однесување на девојчињата, што може да доведе до тоа, едно исто однесување, кај девојчињата да се интерпретира како насилно однесување, а кај момчињата како нормален образец на однесување. Освен тоа, момчињата често се поттикнуваат на насилството да одговорат со насилство, додека на девојчињата им се сугерира да побараат заштита.

Насилството воопшто, а особено физичкото насилство најчесто се поврзува со машкиот пол, па дури и во многу истражувања (на пример, во истражувањето на Olweus, 1978) било испитувано само кај припадниците на машкиот пол, затоа што се претпоставувало декај девојчињата не се соочуваат со ваков проблем. Во минатото се сметало дека во раниот психосоцијалниот развој кај децата не постојат разлики помеѓу момчињата и девојчињата во однос на насилството, и дека разликите постепено почнуваат да се јавуваат со процесот на социјализација, односно во перидот од 4-5 годишна возраст (Keenan and Show, 1997). Но, поновите истражувања ни покажуваат дека разликите во однос на насилството помеѓу децата од двата пола се јавуваат уште во втората година од животот (Baillargeon et al., 2007, Archer and Cote, 2005, Cote, 2007).

Голем број на студии покажуваат дека почнувајќи уште од училишната возраст, момчињата повеќе го манифестираат насилното однесување од девојчињата, а со тек на време тие разлики се зголемуваат. Најголемата разлика е во перидот од 18-30 гоидини, а потоа разликите се намалуваат (Archer, 2000).

Сепак, генерално гледано, момчињата се многу понасилни отколку девојчињата (Craig, 1993). Болтон и Андервуд (Boulton & Underwood, 1992) дошле до податок дека во 65% од злоставувањето насилници биле момчињата, 15% девојчиња, и 20% момчиња и девојчиња заедно. Момчињата извршуваат насилство и врз момчиња и врз девојчиња (иако поретко), додека девојчињата најчесто го вршат насилството врз девојчиња. Според Лејн (Lane, 1989), агресијата во текот на насилството е насочена на различни аспекти, па така за момчињата насилството претставува хиерархија на моќ, а за девојчињата обид за загрозување на афилијативните врски.

Некој наоди, меѓутоа покажуваат дека ни физичкото насилство не претстваува реткост помеѓу девојчињата. Ен Кембел, која во осумдесетите години се занимавала со испитување на агресивното и насилно однесување кај децата од женски пол во САД и Англија, утврдила дека дури 89% од девојчињата изјавиле дека барем еденш се степале, исто така со деца од женски пол (Campbell, 1986). Во истражувањата на СЗО помеѓу децата од 11-годишна возраст, 67% машки и 27% женски изјавиле дека барем еднаш се степале во изминатата година, а овој процент кај 15 годишните деца е 48% за машките и 23% за женските деца, од каде се гледа дека во период од 4 години овој процент кај машките деца значајно се намалува, а кај женските падот е минимален (Curruie et al., 2008).

Во истражувањето спроведено во соседна Србија, ,,Училиште без насилство" податоците ни покажуваат дека момчињата почесто го извршуваат насилство, меѓутоа добиената разлика секако не значи дека ,,машките деца ги удираат другите, а женските не". Така, на пример во осмо одделение, каде таа разлика помеѓу двата пола е најголема, 27% од децата биле барем еднаш удрени од дете од машки пол, а 12% од дете од женски пол, што значи дека машките се дури два пати понасилни од женските.

И во истражувањето на Profaca и соработниците (2006) се потврдува податокот дека многу поголем број на момчиња (64%), отколку девојчиња (36%) кои се изложени на насилство од страна на други деца, и самите стануваат насилници во текот на детството. Добиените резултати можат да се објаснат и со карактеристиките на момчињата кои често се обидуваат да возвратат во случај на напад, но и различните стилови во воспитувањето на девојчињата и момчињата, како и поголемата толеранција на возрасните на насилното однесување од страна на момчињата.

Buljan-Flander i Ćosić (2004) сметаат дека освен поголемата толеранција на возрасните на насилното однесување на момчињата, како останати мотиви кои влијаат тие почесто да се јавуваат во улога на насилсници, се и желбата за моќ и доминација, љубопитноста каква реакција ќе предизвикаат со своето однесување, па дури и досадата.

Со тек на време се зајакнувала идејата за да се докаже уверувањето дека момчињата се поагресивни и понасилни од девојчињата. Прифаќањето на овој стереотип најмногу се заснова на оние форми на агресија каде доминира физичкото насилство, а се запоставуваат индиректните форми на насилство кои се карактеристични за женскиот пол, односно емоционалното насилство. Овие претпоставки покренале иницијатива за испитување на нивото на индиректната агресија, и споредба помеѓу децата од машки и женски пол во однос на истата. Имено, според Бјорковист и соработниците, различните форми на агресија бараат различни способности – физичката агресија бара поголема спретност и сила, додека индиректната агресија – различни социјални вештини. Досегашаните искуства во однос на испитувањето на психосоцијалниот развој кај децата покажуваат дека на децата од женски пол социјалните односи им се премногу важни, па затоа нивното уништување претставува доминантна цел, и се остварува со помош на индиректна агрсија во вид на емоционално насилство. Децата од женски пол, многу ретко како опција ја бираат директната агресија, односно физичкото насилство, затоа што тие се чувствуваат физички слаби (Bjorkqvist et al., 1994).

Истражувачите кои сметаат дека се разликува директна и индиректна агресија, сметаат дека на возраст од 11-12 години директната вербална агресија е на еденакво ниво кај децата од двата пола, но дека момчињата се повеќе склони кон физичко насилство, а девојчињата кон емоционално (Lagerspetz et al., 1988).

Ники Крик и соработниците утврдиле дека девојчињата имаат многу повисока индиректна агресија од момчињата, и дека разликите се јавуваат уште во предучилишната возраст. Со помош на техника за врсничко номинирање во група од 491 дете (со приближно подеднаков број на машки и женски), се утврдило дека околу три четвртини спаѓаат во ненасилната група, во групата на децата кои манифестираат дирекнта агресија (физичко насилство) спаѓаат 16% момчиња и 0.4% девојчиња, во групата на децат кои манифестираат индиректна агресија (емоционално насилство и занемарување) спаѓаат 2% момчиња и 17% довојчиња, додека пак, во групата на деца кои манифестираат и директна и индиректна агресија спаѓаат 9% момчиња и 4% девојчиња (Crick & Grotpeter, 1995:710). Овие автори половите разлики ги припишуваат со податокот дека ,,кога сакаат да ги повредат своите врсници, овие деца го прават тоа на начин што ги уништуваат оние цели кои се вреднуваат во рамките на врсничката група кај секој пол". На децата од машки пол им е поважен статусот во групата, а на децата од женски-блиските пријателски врски.

Сепак, во современата литература за насилство помеѓу децата, постои многу помал интерес за испитување на девојчињата во однос на насилството. Првобитните истражувања од 70тите години на минатиот век се фокусирале на физичкото насилство помеѓу децата од машки пол, а девојчињата биле исклучени од истражувањата затоа што нивното агресивно однесување не се вклопувало во традиционалните погледи на насилство помеѓу децата. Тогаш, како синоним за насилство се сметало дете од машки пол, кое е агресивено, поголемо и појако од своите врсници, кое ги тепа, им одзема храна или ужинка на своите врсници, или пак им се заканува. Во тоа време, невидливите и суптилните форми на насилство на биле адекватно препознатливи и истражувани.

Според Kneževič – Florič (2008), за разлика од момчињата, девојчињата најчесто применуваат индиректни методи на агресија како што се отфрлање, исклучување, ширење невистини, нарушување на угледот на другите. Со влегување во перидот на аадолесценција, агресивноста и извршувањето на насилството кај девојчињата се зголемуваат, и тоа со двојна функција: да го заштитат постоечкото пријателство од непосакуваните лица или пак намерно да ги повредат избраните ,,цели” преку отфрлање или изолирање. Со сигурност може да се заклучи дека девојчињата применуваат социјално софистицирани стратегии на агресија која им овозможува на насилниците да останат неидентификувани.

Новите мета-анализи (Scheithauer et al., 2008 – на 23 студии, и Card et al., 2008 – на 148 студии), покажуваат дека постои многу слаба евиденција за возрасните и половите разлики во директната и индиректната агресија, и дека резултатите, според овие автори, повеќе ја поддржуваат хипотезата за сличностите помеѓу двата пола во однос на извршување на насилството, отколку разликите помеѓу двата пола.

# РЕЗИМЕ

Кога внимателно ќе се прочита целиот труд, се добива, како што и се очекуваше, една мозаичка слика за функционирањето на образовниот систем за децата кои учат во основните училишта во Скопје.

Начинот на кој децата зборуваат за насилството како дел од нивното секојдневие покажува дека тие се свесни за насилното однесување околу себе и за својата улога и вклученост и дека ги разбираат последиците од ова однесување, иако делува дека во секојдневниот живот најчестите видови на насилното однесување се третираат како вообичаено и прифатливо однесување, дел од детската игра и нешто низ кое што сите ние сме поминале.

Податоците за тоа колку често се случуваат одредени видови насилно однесување зборуваат за застапеноста на сите видови на насилно однесување во училиштата. Во рамките на ова истажување може да се каже дека учениците кои не доживеале насилство се исклучоци, а не секојдневие. Ова може да создаде слика за училиштето како место кое не е доволно безбедно, во кое насилното однесување е секојдневие и тивко одобрен начин за справување со проблемите. Имајќи ја во предвид огромната распоространетост на насилното однесување и повторувањето на насилството, со право може да зборуваме за ,,култура на насилство" која постои во училиштата и се доживува како нешто сосема нормално.

Констатирана е варијабилност помеѓу училиштата, иако тие помеѓу себе се разликуваат според бројот на учениците, локацијата на која се наоѓаат и различните етнилки групи со кои работа – што укажува на важноста на надворешните фактори на преваленцијата на насилство, но не и на неможноста на интервенцијата во училиштата.

Податоците за тоа каде и кога најчесто се случуваат насилните однесувања најчесто се користат како аргумент за дополнителниот надзор и дисциплински мерки кои се преземаат со цел „искоренување“ на насилното однесување, при тоа стегајќи ги уште повеќе обрачите на детската слобода и игра. Така, наместо организирано време и услови за играње, дружење и

забава во училиштата се вградуваат камери за набљудување или се ангажираат физички чувари кои го следат и контролираат секое движење на децата. Досегашните искуства со ваквиот начин на дисциплинирање покажуваат дека контролата и надзорот најчесто создаваат нови форми на отпор, децата секогаш ќе најдат време и место каде што ќе може да се спротивстават на правилата кои ги ограничуваат и притискаат. На ова се надоврзува и податокот дека најголемиот број на идеи кои се предлагаат за справување со насилството се однесуваат на казнувањето и контролата. Дисциплинирањето и казнувањето се најтрадиционалните начини на справување со непосакуваното однесување на децата. Тоа што е проблематично во врска со овој тип на механизми за справување е што и самите се на некој начин насилство и се надоврзуваат на кругот - насилството секогаш раѓа насилство. Од друга страна овие податоци укажуваат дека децата имаат потреба од заштита од насилното однесување.

Истражувањата во светот во последниве години, се повеќе се повеќе се насочени кон лонгитудинално следење на децата кои се изложени на виктимизација и нивното понатамошно прилагодување.

Еден од методолошките проблеми на ова истражување може да биде и тоа што резултатите се темелат на самопроценка на децата. Во идните истражувања би можеле да се вклучат и други мерки кои би придонесле за објективноста, како што се набљудување на децата во природни услови, како и и проценка на деца со посебни потреби.

# ПРЕДЛОЗИ И ПРЕПОРАКИ

Со ова истражување се добиени многу информации и изведени се многу заклучоци кои предизвикуваат различни асоцијации, отвараат многу прашања, а неретко и сугерираат на многу решенија. Испитаниците во ова истражување дадоа многу предлози и сугестии, од кои повеќето беа добро формулирани, убедливо образложени и оправдани. Кога само дел од нив би се усвоиле и реализирале, системот би функционирал многу подобро, па затоа наместо заклучок наведени се сите оние предлози и препораки кои се од системски карактер и се однесуваат на децата во училиштата:

- Заедничко дефинирање на насилното однесување за да може да се оствари дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со насилното однесување;
- Преземање одговорност и учество на сите членови во креирањето и спроведувањето превентивни мерки и мерки за справување со насилното однесување;
- Воспоставување на национална политика, процедури и механизми за превенција и справување со насилството во училиштата;
